б

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

Ул. "Македонија" бр. 5, 1000 Скопје | тел. 02/3 218 130 факс. 02/3 218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. "Makedonija" nr. 5, 1000 Shkup | tel. 02/3 218 130 faksi. 02/3 218 131 | contact@ssrm.mk

Бр. ____________

____________
СКОПЈЕ

# З А П И С Н И К
## од 456-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија

**Скопје, 28.09.2023 година**

Седницата се одржа на ден 28.09.2023 година со почеток во 10,00 часот во салата за седници.

Присутни членови:

- **Сашко Георгиев** , претседател на Судски совет на РСМ
- **Ханиф Зендели**, Заменик претседател и член на Советот
- **Мери Радевска**, член на Советот
- **м-р Антоанета Димовска,** член на Советот
- **м-р Ивица Николовски**, член на Советот
- **Мирсад Суроји**, член на Советот
- **Весна Дамева** , член на Советот
- **м-р Миљазим Мустафа**, член на Советот
- **Павлина Црвенковска**, член на Советот
- **м-р Тања Чачарова Илиевска**, член на Советот

Отсутни членови:

**м-р Селим Адеми-** оправдано отсутен

**Лорета Горгиева –** претседателот на Советот истакна дека најавила отсуство поради присуство на семинар, а дека ќе биде присутна на седницата за 2 часа

- **м-р Кренар Лога** , министер за правда –уредно известен
- **Беса Адеми** , претседател на Врховен суд на РСМ-отсутна поради активности и обврски во судот и присутни претставници од невладиниот сектор,не може да присуствува на седницата.

Присутни од стручната служба:

- **Емилија Николиќ**, државен советник
- **Вера Андрејчин**, советник
- **Весна Михајловска** , државен советник

Седницата е отворена за јавноста и се констатира присуство на медиумите и друга поширока јавност.

Согласно чл. 8 ст. 1 од Законот за Судскиот совет, седницата ја отвори и со неа раководеше претседателот на Советот Сашко Георгиев, кој откако констатира присуство на членовите на Советот, го изложи предложениот Дневниот ред за 456-та седница.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа по предложениот Дневен ред и постави прашање дали има предлози за измена и дополнување на истиот, по што отвори расправа.

За збор се јави Ханиф Зендели - Заменик претседател и член на Советот, кој истакна дека како претходен Координатор за Основниот суд Кичево, сега Координатор е Павлина Црвенковска, член на Советот, има материјали за делегирање на еден судија во Основен суд Кичево, посебно во граѓанскиот оддел , а таму има веќе делегирано еден судија од Основен суд Гостивар и на 03.11.2023 година му истекува 1 година од делегирањето , па од тие причини истакна дека би сакал доколку има согласност од сите членови да под точка "разно ", се расправа за еден судија од Основен суд Гостивар биде делегиран во граѓанскиот оддел на Основен суд Кичево.

М-р Антоанета Димовска , член на Советот истакна дека се согласува со предлогот, и додаде дека Советот веќе делегираше судија во Основен суд Кичево, но решенијата се укинати од Врховниот суд на РСМ.

Ханиф Зендели - Заменик претседател и член на Советот, истакна дека во Основниот суд Кичево, во граѓанскиот оддел има над 1000 предмети и би било пожелно да се делегира судија, а таква алармантна состојба има и во Основен суд Струга, Основен суд Прилеп, но овде мора да се изнајде решение и истакна дека во случајот има решение, а и во Основниот суд Гостивар има доволно судии за да може да се делегира.

Весна Дамева, член на Советот зема збор и истакна дека точно е дека состојбата е алармантна, тоа не го спори да се стави оваа точка, но имајќи во предвид дека во месец Ноември 2023 година му престанува периодот за делегирање, може да се расправа и на следна седница, има време, но не се противи, а воедно замоли да како член на Судски совет не биде доведена да пет минути пред седницата и бидат дадени материјали, без било какви анализи и докази.Наведе дека ја има во предвид состојбата заради сите други состојби , но во иднина истакна дека нема да гласа само на добиен допис од некој суд.

Ханиф Зендели - Заменик претседател и член на Советот, истакна дека сите членови знаат за состојбата, точно е дека треба материјалите треба да се доставуваат порано, но и за Основниот суд Прилеп, Основениот суд Струга и другите судови веќе се разгледува можност како може да им се помогне на овие судови, односно да се изнајде решение и истакна дека според него овде може да се одлучи .

М-р Тања Чачарова Илиевска , член на Советот зема збор и истакна дека искрено немала намера да се јави за дискусија , малку се избрза со дискусиите , но наведе дека сака да истакне дека во ред е, сите членови ја знаат состојбата за Основниот суд Кичево, неспорно е и од дописот на претседателот може да се види каква е состојбата и претходно се дискутирало за тоа , но денес не е тука Координаторот за Основен суд Гостивар , а се предлага да се делегира судија од Основен суд Гостивар. Истакна дека таа како член не ја знае состојбата во Основниот суд Гостивар и каква е таа, па од тие причини смета дека и членот на Советот Весна Дамева инсистираше да бидат тие барања доставувани со материјали и соодветни анализи, како би можеле да донесат правилна одлука, а инаку секој од членовите сака да се помогне во судовите да се подобри состојбата.

Откако се констатира дека друг не се јави за збор,претседателот на Советот Сашко Георгиев предложениот Дневниот ред со предлогот во точка “разно“ го стави на гласање.Со оглед дека од службата е констатирано дека има технички проблем со системот за електронско гласање, не се евидентира , од тие причини се премина на рачно гласање.

По гласањето се констатира дека едногласно , со 10 гласа „За“ “е усвоен следниот :

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Донесување на одлуки за престанок на судиска функција поради исполнување на услови за старосна пензија .
2. Расправа по претставките и поплаките од граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите, поднесени до Судскиот совет на Република Северна Македонија и тоа:

- УПП бр.113/23, 144/23, 151/23, 178/23, 212/23, 222/23, 235/23, 243/23, 250/23, 262/23, 273/23;
- УПП бр. 236/23, 256/23, 279/23;
- УПП бр.288/23, 295/23;
- УПП бр. 393/22, 219/23, 228/23, 244/23, 282/23;
- УПП бр.167/23, 186/23, 189/23, 242/23, 253/23, 267/23 и 287/23;

- УПП бр. 9/23;
- УПП бр. 291/23;
- УПП бр. 172/23, 191/23, 196/23, 197/23, 206/23, 214/23, 245/23 и 293/23;
- УПП бр.218/23, 223/23, 238/23, 280/23;
- УПП бр.193/23, 252/23, 261/23, 272/23, 281/23 и
- УПП бр.294/23.

3. Разно.

**Точка 1**

**Донесување на одлуки за на престанок на судиска функција поради исполнување на услови за старосна пензија“.**

Претседателот на Советот по првата точка на Дневниот ред наведе дека согласно евиденцијата во Судскиот совет на Република Северна Македонија Виолета Миладинова, судија на Основен суд Кочани ,има изјава во која наведува дека на ден 09.09.2023 година навршила 62 години и нема намера да поднесе изјава за продолжување на судиската функција, поради исполнување услови за старосна пензија, и наведе дека решението ќе биде заклучно со 30.09.2023 година , по што отвори расправа.

Со оглед дека никој не се јави за збор констатираше дека е донесено следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се констатира престанок на судиската функција на Виолета Миладинова, судија на Основен суд Кочани,поради исполнување на услови за старосна пензија - заклучно со 30.09.2023 година.

Претседателот на Советот по првата точка на Дневниот ред наведе дека согласно евиденцијата во Судскиот совет на Република Северна Македонија Софија Манева, судија на Апелационен суд Штип ,има изјава во која наведува дека на ден 15.09.2023 година навршила 62 години и нема намера да поднесе изјава за продолжување на судиската функција, поради исполнување услови за старосна пензија, заклучно со 30.09.2023 година , по што отвори расправа.

Со оглед дека никој не се јави за збор констатираше дека е донесено следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се констатира престанок на судиската функција на Софија Манева, судија на Апелационен суд Штип,поради исполнување на услови за старосна пензија заклучно со 30.09.2023 година.

**Точка 2**

**Расправа по претставките и поплаките од граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите, поднесени до Судскиот совет на Република Северна Македонија**

Претседателот на Советот Сашко Георгиев во консултација со службата, за редоследот и распоредот на претставки во Дневниот ред и даде збор на Мери Радевска, член на Советот, за да започне со реферирање на претставките. Мери Радевска, член на Советот, по

претставката УПП.бр. 08-236/23 поднесена од адвокат - полномошник на оштетен наведе дека во истата се изразува незадоволство по предметите Гж-132/23 и ГЖ-287/22 по однос на одлуките донесени по овие предмети на Апелациониот суд Штип.Направени се извиди од страна на Советот и земена е изјава од судиите поради кои е поднесена претставката .Со овие извиди констатирано е дека предметот Гж.бр. 132/23 е со основ нарушено владение, а предметот ГЖ-287/22 е со основ долг , по предметите е постапено од тричлен совет , тројца судии, во двата предмети одлучувал истиот совет што се должи на фактот на распределба на предметите се врши согласно АКМИС-системот, а граѓанските предмети во овој суд со оглед на состојбата во судот се распоредуваат само на овие тројца судии.По однос на предметот Гж-132/23 подносителот навел дека е одлучено спротивно на изведените докази.Како основен приговор полномошникот на тужителот со поднесок наведува побарувањето да се пренесе на сопругата на странката која во меѓувреме починала , меѓутоа првостепениот суд откако донесол одлука второстепениот суд одлучил по изјавена жалба имајќи го во предвид утврденото во фактичката состојба и прецизирањето на тужбеното барање и ја донел одлуката Гж-132/23 од 31.03.2023 година, со која жалбата е усвоена и е преиначена првостепената одлука, со што тужбеното барање е одбиено како неосновано. Наведе дека пред се рок за поднесување тужба за нарушено владение е 30 дена , а во овој случај поминат е рокот за поднесување на тужба и произлегува дека истата е ненавремена.Поднесена е и ревизија и наведе дека Советот не е надлежен да влијае во судските одлуки , имено судовите се самостојни и должни се непристрасно и врз основа на закон да донесат одлука и забранет е секаков основ на влијание согласно чл. 11 од Законот за судовите. По однос на предметот ГЖ-287/22, постапката не е правосилна и завршена од причина што одлуката на првостепениот суд е укината, а предметот е вратен на повторно одлучување, па треба да се сочека исходот во оваа одлука, а по однос на наводите на подносителот за ништење на одлуката поради роднински врски на овие судии со некои од адвокатите од адвокатските канцеларии со судии на овој суд , не се приложени некакви докази и не може да се каже дека донесените одлуки во овој случај се донесени со таква намера и предложи претставката да се одбие како неоснована.

Претседателот на Советот отвори расправа, но никој не се јави за збор.

Мери Радевска, член на Советот, наведе дека претставката УПП.бр. 256/23 подносителот изразува незадоволство од постапување на судија на Основен граѓански суд Скопје по предмет 19П1- 484/22 , во однос на рочиште одржано на 10.07.2023 година на кое присуствувал во својство на јавност , всушност странка била неговата ќерка , а тој само бил присутен а предметот се однесува за вознемирување на сопственост и надомест на штета.Наведе дека биле направени извиди и прибавена изјава од судечкиот судија и не може да се утврди постапување надвор од закон од страна на судијата, со оглед да истата е должна да спроведува ред во судницата и овозможува судењето да се одвива непречено.Оној што е јавност на некое судење е должен да го почитува редот, а уште повеќе би било крајно непрофесионално од судијата да дозволи на некој од јавноста да го објаснува предметот, макар и после завршување на судењето.Затоа смета дека и оваа претставка е неоснована.

Претседателот на Советот отвори расправа, но никој не се јави за збор.

Мери Радевска, член на Советот, наведе дека во претставката УПП.бр.279/23 подносителот изразува незадоволство од донесена второстепена пресуда на Апелациониот суд Битола ТСЖ-85/23 од 14.06.2023 година, бидејќи како што е наведено истата е целосно нејасна и неразбирлива, односно неаргументирани се фактите што како одлучувачки ги земал второстепениот суд во образложениeто на пресудата , наведува дека Апелациониот суд при донесувањето на пресудата во целост го занемарил решението Рев1 80/22 со кое претходно била укината второстепената пресуда , во претставката дава целосен осврт на текот на постапката и бара Советот да преземе соодветни дејствија во рамките на своите надлежности.Наведе дека бил извршен целосен увид во наводите од претставката и приложените докази и се утврди дека станува збор за предмет за надомест на штета , тужителот

и тужениот имале склучено договор за наводнување со кој биле регулирани односите што произлегуваат од користењето на водата . После донесувањето на одлуката на Врховниот суд Рев1 80/22 е усвоена Ревизијата на тужениот и пресудата на Апелациониот суд Битола е укината, предметот е вратен на повторно одлучување .Апелациониот суд Битола, при повторното одлучување донел пресуда ТСЖ-85/23 од 14.06.2023 година, со која жалбата на тужителот ја уважил и пресудата на Основниот суд Битола ја преиначил.Наводите изнесени во претставката претставуваат жалбени наводи по кои Советот не е надлежен да постапува и истиот бил предмет на одлучување на првостепен, второстепен и третостепен суд , па после тоа вратен на второстепениот суд и подносителот на претставката ќе има право во понатамошната постапка доколку не е задоволен , повторно да поднесе ревизија со оглед на висината на штетата. Наведе дека смета да претставката е неоснована .

Претседателот на Советот отвори расправа, но никој не се јави за збор.

Претседателот на Советот, ги стави на гласање предлозите на известителот и по гласањето констатира дека со 10 гласа „За“, е донесена следната

**О Д Л У К А**

Претставката УПП-08-236/23 е неоснована, претставката УПП-08-256/23 е неоснована и претставката УПП-08-279/23 е неоснована.

Претседателот на Советот му даде збор на следниот известител по претставките.

М-р Антоанета Димовска , член на Советот наведе дека во претставката УПП.бр. 08-288/23 подносителот изразува незадоволство од начинот на одлучување на Апелациониот суд и од Врховниот суд на РСМ и се водела постапка по тужба на тужителка, во која подносителот бил тужен, два пати судот го одбивал неговото барање , првиот пат пресудата била укината , вториот пат од страна на првостепениот суд била донесена одлука со која се одбива тужбеното барање, но Апелациониот суд ја преиначил првостепената пресуда и донел пресуда со која го усвоил тужбеното барање, која пресуда била потврдена од Врховниот суд на РСМ, а подносителот на претставката не бара ништо друго, туку бара само повторно судење , односно претставката да му биде уважена како услов за повторување на постапката, кое нешто не е предвидено со закон, поради што претставката е неоснована.

Претседателот на Советот отвори расправа.

За збор се јави м-р Тања Чачарова Илиевска , која го запраша известителот дали од причина што законот не познава како услов усвојување на претставка на Судски совет како основ за повторување на постапката, само заради тоа претставката е неоснована, на што м-р Антоанета Димовска наведе дека претставката во целост е неоснована бидејќи подносителот изразува незадоволство од начинот на одлучување, едноставно не е задоволен како завршила постапката, односно од донесената одлука.

М-р Антоанета Димовска , член на Советот наведе дека во претставката УПП.бр.295/23 во која подносителот изразува незадоволство од одлучување на совет на Апелационен суд Скопје, имено тужениот тврди дека судот се впуштил да расправа во предмет каде што тужителот нема странкарска способност , а се работи за предмет кој започнал со донесување на решение со кое се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа, каде како доверител се јавува акционерско друштво – подружница РЕК Битола Новаци, а подружницата нема својство на правно лице .Вложен е приговор и дојдено е во судска постапка .Бидејќи се работи за претставка во која се изразува незадоволство од второстепена постапка, се обратила и до првостепениот суд да достават овластувања кој се јавувал за тужителот , при што според одговорот за тужителот се јавувале двајца полномошници со полномошна , а издавачот на полномошното е фирмата која е регистрирана и има својство на правно лице, што значи се јавува правно лице кое може да биде странка. Со оглед на наведеното, претставката е неоснована.

Претседателот на Советот отвори расправа, но никој не се јави за збор.

Претседателот на Советот, ги стави на гласање предлозите на известителот и по гласањето констатира дека со 10 гласа „За“, е донесена следната

**О Д Л У К А**

Претставката УПП-08-288/23 е неоснована , претставката УПП-08-295/23 е неоснована.

Претседателот на Советот му даде збор на следниот известител по претставките.

Членот на Советот м-р Ивица Николовски наведе дека во претставката УПП.бр. 08-167/23 подносителот- кој е мајка на една од странките но согласно член 3 од Законот за постапување по претставки и предлози, изразува незадоволство од однесувањето на Основниот суд Струга по повеќе предмети кои се заведени во тој суд , против нејзината ќерка и се работи за нарушени брачни односи од кои произлегуваат повеќе постапки, без да ги наведе кои се тие постапки по број, а незадоволството конкретно се однесува во смисла дека судот ја малтретира нејзината ќерка , таа е во затвор, постојано добиваат покани , најверојатно нејзината ќерка е странка во овие постапки , па се суди во нејзино отсуство.Во делот на претставката каде што се наведува број на предмет, за тие наводи беше побарано известување од судот и според изјавата од судијата се констатира дека се работи за статусен спор и постапката се води нема никаво незадоволство од страна на странките,нема никакви процесни повреди, а неговиот предлог е претставката е неоснована .

Заменик претседател и член на Советот Ханиф Зендели, отвори расправа, но никој не се јави за збор.

Членот на Советот м-р Ивица Николовски наведе дека претставката УПП.бр. 08-186/23 е поднесена за Основниот граѓански суд Скопје , а подносител на претставката е граѓанин кој се јавува во својство на тужен при веќе започнат облигационен спор.Незадоволството на подносителот на претставката е од донесената одлука имено во претставката наведува дека-иако ништо не должел,сепак со првостепената одлука и второстепената со која е потврдена првостепената одлука тој е задолжен и неговото незадоволство е како може овој спор и друг спор кој го спроведува а тој не е странка , туку негови пријатели и лица со кои има некои должничко доверителски односи како може двата предмети да бидат распоредени кај албанци и сл.Се работи за предмет по кој е изјавена ревизија и овие наводи кои биле истакнати во претставката се ревизиски наводи, па од тие причини смета дека и оваа претставка е неоснована.

Заменик претседателот и член на Советот Ханиф Зендели, отвори расправа, но никој не се јави за збор.

Членот на Советот м-р Ивица Николовски наведе дека по претставката УПП.бр.08-242 /23 подносител е граѓанин на Прилеп, кој веќе имал доставено претставки во Судскиот совет и по кои веќе е одлучено и во последната претставка со која ги запознава членовите укажува на незадоволство од постапувањето и одлуката на Судскиот совет по кои веќе било постапувано во Советот и согласно член 11 од Законот за постапување по претставки и предлози, истата да се архивира.

Претседателот на Советот отвори расправа, но никој не се јави за збор.

Членот на Советот м-р Ивица Николовски наведе дека по претставката УПП.бр.08-253/23 видно од списите по предметот заведен како претставка се работи за невообичаено однесување на Основниот суд Струга, на начин што граѓанин на Струмица завел приватна кривична тужба за нарушени односи по овој предмет не постапувал Основен суд Струмица, туку се дава предлог да се определи месна надлежност на друг суд.По кривичната пријава судот носи решение со кое го задолжува судот во Струга да постапува по поднесокот.По распределувањето на предметот судијата констатира дека ова е претставка , поради што неговиот предлог е списите по предметот да ги достави до Координаторот.Ова е невообичаено однесување, иако судијата веќе е во пензија и нема кое дејствие да се презема и предметот да се врати на надлежно постапување на судот, а каква одлука ќе следи и што ќе се прави со поднесокот насловен како кривична пријава, законот тоа го регулира. Од тие причини предлага предметот да се врати во Основниот суд Струга на надлежно постапување.

Претседателот на Советот отвори расправа, но никој не се јави за збор.

Членот на Советот м-р Ивица Николовски наведе дека претставката УПП.бр.08-267/23 ја доставило Министерството за правда поднесена од лице од Скопје .Советот по наводите во доставената претставка веќе постапувал, донесена е одлука и тие причини предлага согласно чл. 11 од Законот за постапување по претставки и предлози, истата да се архивира, а не се работи за нови факти и околности.

Претседателот на Советот отвори расправа, но никој не се јави за збор.

Членот на Советот м-р Ивица Николовски наведе дека подносителот на претставката УПП.бр.08-287/23 не е задоволен од донесената одлука на судот, дека се направени процесни пропусти, повреда на материјално право и фактичка состојба .Се работи за жалбени наводи, се уште во моментот не е изјавена жалба, претставката е неоснована .

Претседателот на Советот отвори расправа, но никој не се јави за збор.

Членот на Советот м-р Ивица Николовски наведе дека подносителот на претставката УПП.бр.08-189/23 наведува дека е незадоволен од деонесената одлука на совет на Апелациониот суд Битола по предмет Гж.бр. 226/22, а наводите во претставката се изразени на 85 страни , се работи за имотен спор , подносителот не е задоволен од донесената одлука на судот, дека се направени процесни пропусти, повреда на материјално право и фактичка состојба, во овој спор изјавена е ревизија и сите наводи ќе бидат предмет на разгледување на изјавената ревизија од ревизискиот суд. Од тие причини смета дека претставката е неоснована.

Мери Радевска, член на Советот ги извести членовите во врска со претставката УПП.бр. 08-189/23 дека по предметот постапувала судија, која е снаа на прв братучед на нејзиниот сопруг, односно роднина по сватовство, па ако членовите на Советот сметаат дека треба да биде изземена, така да постапат.

Претседателот на Советот го стави на гласање предлогот Мери Радевска, член на Советот по претставката УПП.бр. 08-189/23 да биде изземена од постапување од причини што судијата на кого се однесуваат наводите од претставката е снаа за прв братучед на нејзиниот сопруг.

Со 7 гласа "За" и 2 гласа "Против" беше прифатен предлогот да биде изземена од постапување по претставката УПП.бр.08-189/23 Мери Радевска , член на Советот.

Претседателот на Советот, ги стави на гласање предлозите на известителот освен претставката УПП.бр. 08-189/23 и по гласањето констатира дека со 10 гласа „За", е донесена следната

**О Д Л У К А**

Претставката УПП-08-167/23 е неоснована,претставката УПП-08-186/23 е неоснована,претставката УПП-08-242/23 е неоснована, претставката УПП-08-253/23 е неоснована,претставката УПП-08-267/23 е неоснована и претставката УПП-08-287/23 е неоснована.

Претседателот на Советот, го стави на гласање предлогот на известителот за претставката УПП.бр. 08-189/23 каде што Мери Радевска, член на Советот е изземена и по гласањето констатира дека со 9 гласа „За“, е донесена следната

**О Д Л У К А**

Претставката УПП-08-189/23 е неоснована.

Претседателот на Советот му даде збор на следниот известител по претставките.

Членот на Советот Мирсад Суроји наведе дека по претставката УПП.бр. 08-9/23 подносителот е лице од село Форино , Гостивар и е поднесена против судија на Основен суд Гостивар и се работи за претставка која на претходната седница била повлечена.Подносителот во претставката наведува дека против пресуда П1бр.172/19 била поднесена жалба на ден 02.02.2021 година и до денот на поднесување на претставката предметот не е доставен во Апелациониот суд Гостивар за одлучување по жалба. Во првото известување доставено до судот, судијата наведува дка откако ќе се исполнат условите,предметот ќе биде испратен по жалба. Во второто известување од 02.06.2023 година известува дека предметот се наоѓа во Апелациониот суд Гостивар од 17.02.2023 година, без да ги наведе причините зошто толку долг период не бил испратен во Апелациониот суд Гостивар.Од дополнително доставени докази-копија на доставна книга се утврди дека предметот бил доставен во Апелациониот суд Гостивар на ден 17.02.2023 година,поради што наведе дека оваа претставка е основана и истата да се достави до Координаторот за Основен суд Гостивар, за да се следи работата на наведениот судија, а предметот по жалба не бил испратен 24 месеци.

Претседателот на Советот отвори расправа, на која за збор се јави член на Советот Весна Дамева, која истакна дека сите извиди во претставката се темелни, известителот ги преземал сите дејствија, 24 месеци се многу долг период предметот да не биде испратен и се согласувам дека претставката е основана, а воедно апсолутно се согласува со тоа Координаторот детално да ги испита причините за наведеното.

Членот на Советот Мирсад Суроји истакна дека неговото сомневањае не било дека судијата го чувал предметот, затоа што предметите не се чуваат по канцеларии на судиите , но затоа треба де се утврдат причините за тоа а и да се следи работата на судијата.

М-р Антоанета Димовска, член на Советот истакна дека го поддржува известителот и неговиот предлог и треба да се испита целата работа, дали се работи за субјективни или објективни причини.

М-р Тања Чачарова Илиевска, член на Советот истакна дека се согласува со предлогот на известителот .

Претседателот на Советот, го стави на гласање предлогот на известителот и по гласањето констатира дека со 10 гласа „За“, е донесена следната

**О Д Л У К А**

Претставката УПП-08-9/23 е основана .

Претседателот на Советот му даде збор на следниот известител по претставките.

Членот на Советот Весна Дамева наведе дека во претставката УПП.бр. 08-294/23 доставена на 12.09.2023 година , во која не се скенирани електронски доказите , меѓутоа истите може дополнително да бидат доставени на увид на членовите на Советот, се изразува незадоволство од донесени одлуки на Вишиот управен суд и тоа едно решение со кое е одлучено по барањето за времена мерка и пресуда за главната работа , а по аналогија изразено е незадоволство и од одлуките на Управниот суд, бидејќи со овие одлуки на Вишиот управен суд потврдени се одлуките на првостепениот суд. Видно од наводите е дека подносителот се сомнева дека неговите докази кои биле доставени со тужбата , не биле земени во предвид од страна на судот , истите не биле ценети , а сето тоа кај него побудува сомнеж дека се работи за како што наведува груб збор организиран криминал од лица во катастар, а судиите истото го поддржуваат без никакво образложение во самите одлуки Наведе дека не случајно на почетокот кажала дека не се скенирани доказите , одлуките , а истите се релеванннтни, но истите ги презентира, се работи погоре наведени одлуки и тоа Решение УЖВМ 1 бр. 7/23 од 07.07.2023 и Пресуда УЖ бр. 302/2023 од 07.07.2023 година, со кои жалбите на подносителот на претставката се одбиени, а потврдени биле решението на Управниот суд У1 бр. 169.2023 од 29.03.2023 година и Пресудата У-1 бр.170/2023 од 17.05.2023 година.По однос на оваа претставка не барала дополнителни извиди, од причини што ценети се сите наводи на подносителот и има детално дадено објаснување по однос на доказите, така да во овој случај смета дека се работи за судска одлука во која што се ценети сите докази и во случајот смета дека се работи за неоснована претставка, во смисла на чл.13 ст.3 од Законот за судовите- судијата одлучува самостојно и непристрасно, врз основа на слободна оцена на доказите.по однос на наводите за лица од катастар, подносителот доколку располага со докази за тие лица може да истакне барања за истите до надлежни институции, а со оглед дека не се работи за судии, Советот нема надлежност да постапува.

Претседателот на Советот, го стави на гласање предлогот на известителот и по гласањето констатира дека со 9 гласа „За", во отсуство на Мирсад Суроји, член на Советот е донесена следната

**О Д Л У К А**

Претставката УПП-08-294/23 е неоснована.

Претседателот на Советот му даде збор на следниот известител по претставките.

Членот на Советот м-р Миљазим Мустафа, најнапред истакна дека ја повлекува претставката УПП.бр. 272/23 и продолжи со изложување на останатите претставки.

По претставката УПП.бр.08-193/23 истакна дека подносителот наведува да на 11.11.2020 до Основниот граѓански суд Скопје поднел тужба за надомест на штета заведена под П4 бр. 864/20 и судот на 15.12.2020 година донел решение .Подносителот известува дека имал поднесено ревизија.предемтот П4 -864/20 на 12.06.2023 година е вратен од ВСРСМ и предложи дека претставката е неоснована, имено согласно чл. 13 чл. од Законот за судовите-судијата одлучува самостојно и непристрасно, врз основа на слободна оцена на доказите.

Претседателот на Советот отвори расправа,за збор се јави м-р Ивица Николовски, член на советот кој истакна дека се согласува со прелогот на известителот .

За збор се јави м-р Антоанета Димовска, член на Советот која истакна дека била изјавена и ревизија и плаќањето на такса за ревизија и сигурно се актуелизира плаќањето на судската такса , а првостепениот суд одлучил за тоа.

Понатаму м-р Миљазим Мустафа , член на Советот по претставката УПП.бр.08-252/23 истакна дека се работи за ист случај како што го изложи членот на Советот м-р Ивица Николовски и предлогот за оваа претставка е да се врати на надлежно постапување на судијата на Основен суд Струга.

По претставката УПП.бр.08-261/23, членот на Советот м-р Миљазим Мустафа, истакна дека се однесува за постапување на судии на Основен суд Гостивар и Апелационен суд Гостивар, каде наводите на подносителот се дека не се водело сметка за начелото за судење во разумен рок и дека со намерно оддолговлекување на постапката му е нанесена штета поради апсолутна застареност на кривичното гонење, кое настапило на ден 17.08.2022 година ,своето оштетно побарување да го оствари во граѓанска постапка.По однос на претставката Советот нема надлежност за испитување на судските одлуки, но по однос на застареноста предложи предметот да се проследи на надлежност на Координаторот за Апелациониот суд Гостивар.

Претседателот на Советот отвори расправа,за збор се јави м-р Антоанета Димовска член на Советот, која истакна дека се согласува со тоа да се проверат причините за застареноста .

За збор се јави Весна Дамева, член на Советот која истакна дека тој факт можел да се провери и сега, но во ред, да не се оддолговлекува постапката и истакна дека сака да прецизира дека се работи за оддолговлекување и да се дадат прецизни напатствија на Координаторот, на што известителот наведе дека е потребно да се утврдат причините за застареноста,дали се објективни или субјективни .

По претставката УПП.бр.08-281/23, членот на Советот м-р Миљазим Мустафа, истакна дека незадоволството на подносителот се однесува за работата на судија на Основен суд Битола по предмет П4 127/22 , побарано е известување од судот каде е наведено дека судот го одбил предлогот за изведување на доказ – процена на недвижен имот и дека истиот доказ не е изготвен од вешто лице со лиценца овластено да изготви вештачење на што приговорил подносителот, а причините за донесување на пресудата се изнесени во образложението на пресудата .Наведе дека наводите истакнати во претставката се жалбени наводи кои ќе бидат земени во предвид при одлучувањето на второстепениот суд, со оглед да веќе има поднесено жалба, така да и оваа претставка е неоснована.

За збор се јави членот на Советот Весна Дамева, која истакна зошто претставката УПП.бр.08-261/23 по однос на застареноста да се проследи само до Координаторот за АС Гостивар , кога идентично се спомнува и за ОС Гостивар, по што известителот се согласи со предлогот.

Претседателот на Советот, го стави на гласање предлогот на известителот и по гласањето констатира дека со 10 гласа „За“, едногласно е донесена следната

**О Д Л У К А**

Претставката УПП-08-193//23 е неоснована, претставката УПП-08-252//23 е неоснована, претставката УПП-08-261//23 да се проследи на Координаторот за Основен суд Гостивар и Апелациониот суд Гостивар, претставката УПП-08-281//23 е неоснована.

Претседателот на Советот му даде збор на следниот известител по претставките.

Членот на Советот Павлина Црвенковска наведе дека претставката УПП.бр.08-172/23 поднесена е од страна на ќерка на осуден. Со пресуда на Основен суд Велес К.бр. 150/21 од 02.02.2022 година нејзиниот татко бил огласен за виновен и осуден на казна затвор, а по жалба со пресуда на Апелациониот суд Скопје Кж.бр. 216/22 од 21.12.2022 година, првостепената пресуда била потврдена. Смета дека во текот на постапката се направени пропусти и прекршување на законот од страна на судијата на ОС Велес кој ја донел пресудата,а пресудата на второстепениот суд нема аргументи и докази зошто смета дека првостепениот суд правилно постапил и кои докази ги извел при повторното постапување.Понатаму во претставката цитира и наведува опширно кои дејствија биле преземени, цитира наводи од пресудите, наводи од извршените вештачења и ги цитира наводите на сведоците, кои сите се содржани во пресудите, а воедно ги прилага донесените одлуки.Побарано е известување и од првостепениот и од второстепениот суд , при што се работи за исклучително сложен и тежок предмет, по кој ОС Велес донел пресуда К.бр.150/21 од 02.02.2022 година , која била потврдена со пресуда на Апелациониот суд Скопје КЖ.бр. 216/22 од 21.12.2022 година , а пресудата станала правосилна на ден 21.12.2022 година. На ден 04.04.2023 година од страна на обвинетиот било поднесено до Врховниот суд на РСМ Барање за вонредно преиспитување на правосилна пресуда, со посебно барање за прекин на извршување на правосилна пресуда.Предметот со сите списи на ден 30.03.2023 година истиот ден кога е примено барањето во ОС Велес преку АС Скопје е доставен до ВСРСМ на постапување како надлежен суд. Во дополнението на известувањето на претседателот на ОС Велес е наведено дека Врховниот суд на РСМ со пресуда КВП 2 бр. 38/2023 од 03.05.2023 година , барањето за вонредно преиспитување на правосилна пресуда поднесени против Пресуда на ОС Велес К.бр. 150/21 од 02.02.2022 година и пресудата на АС Скопје Кж.бр. 216/22 од 21.12.2022 година лично и преку бранителот,се одбиваат како неосновани и ги прилага истите.Согласно наведеното наведе дека претставката е неоснована се работи за жалбени наводи и Судскиот совет не може да навлегува во содржината на одлуките.

Претседателот на Советот отвори расправа по што за збор се јави Весна Дамева, член на Советот, која истакна дека навидум предлогот на известителот за неа е прифатлив,но се работи за сензитивен случај, сериозен предмет и драконска казна и имајќи ги наводите што ги истакнува подносителот, смета дека оваа претставка би можело да се повлече до моментот се додека известителот го прибави предметот да се изврши увид или барем судијата да ги појасни причините за донесувањето на таа одлука, во смисла да се види дали имало процесни повреди .

Павлина Црвенковска , член на Советот наведе дека во предметот има изјаснување од судијата известител и самиот наведува дека може да е произнесе откако предметот ќе биде вратен од ВСРСМ во однос на донесените одлуки , но веќе Врховниот суд на РСМ донел одлука КВП 2 бр. 38/2023 од 03.05.2023 година , со која барањето за вонредно преиспитување на правосилна пресуда поднесени против Пресуда на Основен суд Велес К.бр. 50/21 од 02.02.2022 година и пресудата на Апелациониот суд Скопје Кж.бр.216/22 од 21.12.2022 година лично и преку бранителот, се одбиваат како неосновани.

Весна Дамева,член на Советот истакна дека ова е нов момент и дека не е скенирано дополнителното известување од претседателот на Основниот суд Велес и во тој случај за неа прифатлив е предлогот на известителот.

М-р Тања Чачарова Илиевска, член на Советот, зема збор во дискусијата и истакна дека и во известувњето е наведено дека станува збор за исклучително сложен предмет, па смета дека во ред е членовите на Советот да ги погледнат тие одлуки.

Членот на Советот Павлина Црвенковска истакна дека за неа претставката е неспорна , има пресуда на првостепен суд, потврдена со пресуда на второстепен суд , се работи за жалбени наводи и понатаму нема што да се испитува.

Членот на Советот м-р Ивица Николовски истакна дека Советот објективно, издржано ќе ја цени работата на судовите ако прави увид во донесените одлуки, иако Советот не може да ги

менува, но Судскиот совет мора да ги гледа одлуките затоа што видно генерално од содржината на сите претставки граѓаните, подносителите на претставките се жалат, тоа не е утврдено, но на незаконито однесување на судиите при носењето на одлуките и во смисла на процесни повреди или повреда на материјалното право,се знае кој е ставот на Судскиот совет , но ако се одлучи оваа одлука да се гледа и да се гледаат и други одлуки без огле на тоа што се правосилни.Овде има завршена правосилна постапка изјавен вонреден правен лек, по кој е одлучено.

Членот на Советот Павлина Црвенковска истакна дека согласно член 13 ст. 3 од Законот за судовите Судскиот совет нема надлежност да ги испитува судските одлуки, односно судската одлука согласно наведената законска одредба може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон и во случајот сите три инстанци се поминати и завршени.

М-р Тања Чачарова Илиевска , член на Советот истакна дека ако се цитираат членови од Закон таа би сакала да се цитираат децидно како што се напишани и во случајот Судскиот совет не менува одлуки со усвојување на претставки и со констатирање дека се неосновани и ги замоли членовите да се разграничат овие работи , инаку дека е правосилно завршен предмет, дека е предметот завршен и дека бил на одлучување и пред трета инстанца ,третиот степен, за неа не е завршена и нејзиониот став го знаат членовите на Советот од почеток , баш од причина што членовите во голем дел од претставките укажуваат на незаконитост на постапувањето на одредени судии дали е така или не , наведе дека не знае, но како ќе знаат ако не ги видат одлуките и на крај овде има 8 судии , а и Судскиот совет во својот состав има судии, така да да не се оди на тоа Судскиот совет да не ги гледа одлуките. Судскиот совает не ги менува одлуките, Судскиот совет ги анализира одлуките и констатира дали некаде има недоследност и тоа е во надлежностите на Судскиот совет. На прашање на претседателот на Советот Сашко Георгиев кој е нејзиниот предлог, членот на Советот м-р Тања Чачарова Илиевска наведе дека нејзиниот предлог е да се достават одлуките до членовите на Советот да се видат , таа ги нема во скенираниот материјал. Претседателот на Советот Сашко Георгиев наведе дека кај него ги има одлуките во скенираните материјали.

М-р Антоанета Димовска, член на Советот наведе дека за да нема дилема да се прибават одлуките и на седница да бидат разгледани и не би требало повеќе за ова да се дискутира.

Претседателот на Советот, го стави на гласање предлогот на известителот и по гласањето констатира дека со 9 гласа „За“, и 1 “Против“ е донесена следната

**О Д Л У К А**

Претставката УПП.бр. 172/23 е неоснована.

Членот на Советот Павлина Црвенковска наведе дека во претставката УПП.бр191/23 се изразува незадоволство од постапувањето на судија на Управен суд и наведе дека истиот подносител има поднесено претставка заведена под УПП.бр. 08-55/23 од 06.02.2023 и дополнување Упп.бр. 08-55/2 од 07.03.2023 година – одговорено му е со допис Упп.бр 08-55/23 од 27.03.2023 година и сега повторно со истите наводи се обраќа и со оглед дека Судскиот совет постапувал по претставки поднесени од истиот подносител и по истите наводи, предлага да се состави Службена белешка по чл. 11 од Законот за постапување по претставки и предлози.

Претседателот на Советот отвори дискусија .

Членот на Советот м-р Ивица Николовски процедурално наведе дека мора стручната служба да биде поодговорна и подисциплинирана и да ја запазат формата при достава на материјалите за седница на членовите.Наведе дека на пример се најавува претставката 08-191/23, значи за оваа претставка треба да отвори членот многу прозорчиња за да се види во што се состои основата за оваа претставка и според него треба да има ред, редослед ,на што претседателот на советот Сашко

Георгиев истакна дека мора така да биде просторно, а членот на Советот м-р Ивица Николовски продолжи дека како се става во компјутерот така се отвара и едноставно материјалите ги “фрлаат во компјутер“, а треба тоа што е на почеток да биде прв , па

по ред, за членот на Советот кога ќе ја отвори претставката да има целосен увид а ова е кармакаша.

За збор се јави Весна Дамева ,член на Советот која истакна дека гледа да известителот со допис од 15.09.2023 во архивата доставил допис со кој бара спојување на предметниот допис , насловен како барање за доставување податоци од Основно јавно обвинителство со претставката. и изјави дека се согласува со реферирањето на известителот, но би сакала да и се појасни тој допис од обвинителството што се спојува со претставката , дали ќе се одговара по тој допис.

Членот на Советот Павлина Црвенковска наведе дека и бил доставен овој допис и нејзината прва реакција била со претседателот на Советот зошто на неа и се доставува овој допис на ОЈО кога ниту е Координатор на Управен суд и нема што да се произнесува по тоа, а потоа и било кажано дека затоа што имала претставки , оваа што сега се реферира, како и претходно од истото лице кое што има поднесено барање,а после ова сакала да каже и претходно,овој допис ќе го врати кај претседателот на Советот, а Претседателот нека одговори на Обвинителство и единствено претставките се кај неа.

За збор се јави Весна Дамева, член на Советот која истакна дека очекувала да известителот постапил ажурно , но сака да се разграничи одие дописи не се однесуваат на оваа претставка , а околу предлогот за оваа претставка се согласува , но барањето за доставување податоци од ОЈО , по тоа барање треба да одговори претседател на Судски совет, по кое бил должен да постапи веднаш кога стигнало и замоли да не се одолговлекуваат работите, бидејќи Судски совет го претставува Претседателот и да има исклучително брза соработка со сите институции.

Членот на Советот м-р Ивица Николовски зема збор и наведе дека само ќе се наврати на тоа дека членовите мора да имаат јасен увид во отварање на овој предмет за што се работи и оведе се работи за претставка од граѓанин кој не е задоволен од сработеното по претходна претставка од страна на член на Судски совет и истиот се обратил до Министерство за правда.Во неговото обраќање до Министерство за правда , тој јасно укажува дека се обратил до Судскиот совет со претставка, по која Судскиот совет постапил, но не е задоволен.Оваа претставка , Министерството за правда ја доставува до Советот на надлежно постапување, што значи членовите требало не на седница, туку на работен состанок да се навратат на постапувањето во решавањето на таа претставка, па зависно од расправата понатаму да одлучат што по тоа прашање.По наводите на оваа претставка Судскиот совет се произнел и треба да се затвори предметот со Службена белешка.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев истакна дека ВД Генералниот секретар Весна Толева му напишала дека предметите 129/23, 55/23 и 191/23 се кај членот на Советот Павлина Црвенковска, на што тој напишал да се изготви извештај и тоа е напишано на дописот од ОЈО заведен во Советот под број 03-1774/1 од 12.09.2023 година и во секој случај да се даде одговор на ОЈО во овој дел, по овој допис.

М-р Антоанета Димовска, член на Советот наведе дека се согласува со предлогот по претставката на известителот-членот на Советот Павлина Црвенковска, а по однос на последниот допис – барање за доставување податоци од ОЈО, без оглед што се наведени броевите на претставките и треба да се утврди дали овие судии ги извршуваат своите работни задачи и дали ги пречекориле своите законски овластувања , односно дали ја злоупотребиле својата службена положба и тоа е работа на обвинителот и да си постапи согласно своите надлежности и во овој дел треба да се одговори. Наведе дека не се согласува со наводот “дали ја злоупотребиле својата службена положба“, злоупотребата е кривично дело.

Претседателот на Судскиот совет на РСМ Сашко Георгиев наведе дека овој допис да се даде и да се одговори на истиот.

За збор се јави Весна Дамева,член на Советот која истакна дека на почетокот кажала дека се согласува со предлогот на известителот, бидејќи темелно извидено е се и има направено неколку анализи. По однос на дописот исто така известителот совесно постапил и затоа истакна дека по овие дописи ниту генерален секретар ниту друг не е задолжен за овие дописи,ќе треба ажурно и итно да се одговара на вакви и слични дописи, во таа насока е нејзиното размислување.

Членот на Советот- Мери Радевска истакна дека треба да се продолжи со реферирање на претставките.

Претседателот на Судскиот совет на РСМ, Сашко Георгиев наведе дека сите членови ја знаат својата работа и истакна дека генералниот секретар е алка во нивното работење и затоа од неа барал податоци, кои стојат како резолуција на дописот, но се заблагодари на членот на Советот Весна Дамева за укажувањето за ажурноста.

Членот на Советот Павлина Црвенковска наведе дека во претставката УПП.бр196/23 која е препратена од Влада на РСМ-Кабинет на заменик на претседател на Влада за политики за добро владеење од 27.06. 2023 година, подносителите изразуваат незадоволство од постапувањето на Апелациониот суд Битола по предметот Гж.бр. 379/2023 од 06.04.2023 година и на Основен суд Битола по предметот МАЛВП-226/2020 од 23.01.2023 година и го замолува Судскиот совет на РСМ да постапи законски по наведените предмети и со предлогот на подносителот на претставката Апелациониот суд Битола да донесе дополнителна пресуда и опширно и хронолошки ги опишува дејствијата што се преземени и ги цитира диспозитивите на одлуките, како и доказите во постапката и дека второстепениот суд во решението Гж.бр. 379/2023 од 06.04.2023 година погрешно ги применил законските одредби врз кои се темели решението и дека Апелациониот суд Битола не се произнел по нивните жалбени наводи дека обжалените решенија се нејасни и немаат образложени причини за решителните факти, како и дека погрешно е утврдена фактичката состојба.Истото се наведува и во дополнението на претставката и во претставката препратена преку Влада на РСМ.По извршените извиди и известувањето од судиите од судечкиот совет на Апелациониот суд Битола произлегува дека наводите во претставката се неосновани и истите се содржани во поднесената жалба против првостепеното решение и се ценети при донесувањето на одлуката на Апелациониот суд Битола, а подносителите вложиле жалба против решението на Основен суд Битола МАЛВП-226/2020 од 23.01.2023 година .Со тоа решение првостепениот суд поставил привремен застапник за двајца тужени , кои се во Сиднеј ,Австралија и против ваквото решение согласно член 263 од ЗПП не е дозволена посебна жалба., поради што АС Битола во својата одлука ГЖ.бр. 379/23 од 06.04.2023 година ја отфрлил жалбата како недозволена. Поради тоа Апелациониот суд Битола не можел да се впушти во оцена на жалбените наводи, односно при постапување по жалба, најпрво се оценува нејзината навременост и дозволеност и ако се утврди дека жалбата е навремена, целосна и дозволена, потоа се оценува нејзината содржина, наводите на жалителот и останатите списи во предметот. По однос на наводите од претставката за тоа дека подносителот има доставено до Апелациониот суд Битола предлог за донесување на дополнителна одлука , истиот е во фаза на постапување со оглед дека е доставен на 15.05.2023 година- истиот ден кога е доставена претставката до Советот и на подносителот ќе му биде доставена одлука откако Советот ќе одлучува по таквиот предлог.Предлага претставката да се одбие како неоснована. Наведе Претседателот на Советот отвори расправа по што за збор се јави членот на Советот Мери Радевска , која го извести Советот дека и во овој предмет се јавува судијата на Апелациониот суд Битола , како и во претходната претставка , која е снаа од прв братучед на нејзиниот сопруг и бара Советот да одлучи за нејзиното иземање, по што со оглед на тоа дека се работи за иста судија и ист основ роднина

по сватовство, Советот одлучи како и во претходната претставка – членот на Советот Мери Радевска едногласно со 9 гласа “ЗА“ се иззема од постапување по претставката.

За збор се јави м-р Ивица Николовски, член на Советот кој истакна дека не се согласува да претставката е нееоснована, од причина што со самата поука дека има право на жалба, а всушност нема право на жалба дадена во првостепеното решение, подносителот се изложува на штета, трошоци за полномошникот, писмен поднесок за жалба и сл. и верува дека ова можеби е техничка грешка,ненамерен пропуст,но сепак техничка грешка за подносителот создава финансиски последици.

М-р Антоанета Димовска , член на Советот истакна дека во врска со оваа претставка , би сакала на Апелациониот суд да му се укаже да иницираат средба на Апелационите судови од сите подрачја да кога имаат во работа процесни решенија по кои не е дозволена жалба, да постапуваат воедначено и самата се понуди да се извести Академијата, во која е предавач да се дискутира за оваа состојба и доколку се согласуваат членовите на Советот таа би напишала писмо до Апелационите судови.

Предлогот на членот на Советот Павлина Црвенковска е дека како Координатор за Основен суд Битола сама на себе ке си даде “задолжение“ да ги утврди причините за ваквата состојба да во првостепеното решение е дадена правна поука дека странката има право на жалба, а второстепениот суд ја отфрлил жалбата како недозволена иако најверојатно се работи за ненамерна грешка, тоа се случува.

Членот на Советот Павлина Црвенковска наведе дека во претставката УПП.бр197/23 се изразува незадоволство од постапувањето на судија на Основен суд Битола по предметот К.бр. 482/21 како и на судии на Апелационен суд Битола по предметот Кж.бр. 55/23, поради судење на веќе пресуден правосилен предмет, суштествена повреда на одредбите на кривичната постапка, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба, како и одлуката за кривична санкција.Наведе дека побарани се изјави од Основниот суд Битола и од Апелациониот суд Битола.Пресудата на Основниот суд Битола по жалба е потврдена со Пресуда на Апелациониот суд Битола КЖ.бр. 55/23 од 10.04.2023 година . Тоа укажува дека судот правилно ја утврдил фактичката состојба и биле ценети сите предложени докази како и биле ценети сите искази на сведоците предложени од одбраната а со кои се согласил и Апелациониот суд Битола.

Во изјавата на судиите од советот на Апелациониот суд Битола е наведено дека наводите од претставката се неосновани, судот постапувал по изјавената жалба и пресудата на Основен суд Битола К.бр. 482/21 од 19.12.2022 година е потврдена, во случајот не се работи за пресудена работа, туку за два сосема различни настани, кои се случиле во ист ден , но во различен час и за кои се воделе 2 различни кривични постапки. Предлага дека претставката е неоснована.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори дискусија, но никој од членовите не се јави за збор.

Членот на Советот Павлина Црвенковска наведе дека во претставката УПП.бр. 08-206/23 Поднесена е преку Министерство за правда на РСМ до кое по електронски пат се обратил подносител од Дебар во кој изразува незадоволство од постапување на судии на Апелационен суд Гостивар по предмет Гж.бр. 545/22. Во претставката се наведува дека второстепениот суд ја потврдил одлуката на Основниот суд Дебар и притоа направени биле повеќе пропусти, имено навеено било дека странката го владее имотот иако не ги исполнува условите за владеење, а неговиот татко всушност е тој што го владее земјиштето. Во известувањето од судиите е наведено дека ОС Дебар по претходно укината одлука П1.бр. 11/19 од 01.02.2021

година од страна на АС Гостивар, со пресуда П1 бр. 22/21 од 09.03.2022 година одлучил на начин што го одбил тужбеното барање на тужителот, а второстепениот суд по предметот Гж. Бр. 545/22 од 30.11.2022 година одлучил така што пресудата на првостепениот суд ја преиначил и пресудил така што го усвоил тужбеното барање на тужителот и во текот на постапката тужителот успеал да докаже дека истиот е совесен владетел на предметната недвижност врз основа на изведените докази во постапката.Во случајот се работи за жалбени наводи, врторостепениот суд ги ценел сите наводи од жалбата и врз основа на доказите донел одлука.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори дискусија, но никој од членовите не се јави за збор.

Членот на Советот Павлина Црвенковска наведе дека во претставката УПП.бр. 08-214/23 подносителот наведува дека Апелациониот суд Скопје на ден 18.05.2023 година донел пресуда Кж.бр. 121/23 со која обвинетиот е огласен за виновен и условно осуден.Штетниот настан бил на 21.06.2013 година и прв пат Основен суд Куманово донел пресуда К.бр 66/17 од 04.04.2016 година, по жалба Апелациониот суд Скопје донел пресуда КЖ.бр. 1011/19 на 02.06.2021 година. против пресудата, обвинетиот вложил жалба до Врховен суд на РСМ кој на ден 01.02.2023 година донел Решение ВКЖ.бр. 30/2022 со која ја усвоил жалбата и предметот го вратил на повторно одлучување на Апелациониот суд Скопје.Пресудата Кж.бр. 121/23 од Апелациониот суд Скопје ја примиле на 30.05.2023 година, но нема информација дали обвинетиот ја примил пресудата, но и да ја примил можеби ќе го користи правото на правен лек и предметот на 21.06.2023 година ќе застари со што ќе се оневозможи да се оствари причинетата материјална штета која изнесува 1.156.152,00 денари а која е сторена пред скоро 10 години и бара од Судскиот совет да превземе мерки и дејствија .Побарано е известување од Апелациониот суд Скопје и во одговорот е наведено детално како е постапувано и што е преземено и тоа Основен суд Куманово донел пресуда К.бр. 66/17 од 14.05.2019 година.Незадоволен, обвинетиот преку својот полномошник вложил жалба, а жалба била вложена и од страна на ОЈО Куманово.Апелациониот суд Скопје постапувајќи по жалбите на нејавна седница утврдил дека пресудата е еднаш укината и по службена должност жалбите да се уважат , пресудата на Основен суд Куманово К.бр. 66/17 од 14.05.2019 година да се укине и да се одржи расправа пред второстепениот суд согласно чл. 424 од ЗКП. По одржаната расправа пред второстепениот суд , Апелациониот суд Скопје донел пресуда КЖ.бр. 1011/19 од 02.06.2021 година , против која била вложена жалба. Со решение на ВСРСМ ВКЖ.бр. 30/22 од 01.02.2023 година жалбата на обвинетиот е уважена и пресудата на Апелациониот суд Скопје КЖ.бр. 1011/19 од 02.06.2021 година била укината под ст. 1 од пресудата и во тој дел била вратена на повторно одлучување. Предметот од ВСРСМ во Апелациониот суд Скопје бил вратен на 13.02.2023 година по што бил оформен нов број КЖ бр. 121/23.Апелациониот суд Скопје постапувајќи во повторената постапка закажал расправа на 15.03.2023 година,29.03.2023 година, 19.04.2023 година и на 10.05.2023 година, а закажаните расправи биле одлагани поради отсуство на обвинетиот, при што судот извршил оперативни проверки за достапноста на обвинетиот.На расправата од 10.05.2023 година Јавниот Обвинител од Вишото јавно обвинителство Скопје навел дека обвинетиот не сака да прими покана за главна расправа , по што предложил да му се суди во отсуство, кој предлог го прифатил судот и донел пресуда КЖ.бр. 121/23 од 18.05.2023 година, со која обвинетиот го огласил за виновен. Пресудата КЖ.бр. 121/23 од 18.05.2023 година е изработена и верифицирана на 25.05.2023 година и предметот бил веднаш доставен до Основен суд Куманово за да се изврши достава на пресудата, со напомена за потреба од итност во постапувњето , со оглед на опасноста од застарувње на кривичното гонење. Со писмо на Апелациониот суд Скопје Кж.бр. 121/23 од 07.06.2023 година до Основен суд Куманово доставена била жалба поднесена од обвинетиот примена во судот на 06.06.2023 година изјавена против пресуда на Апелациониот суд Скопје КЖ.бр. 121/23 од 18.05.2023 година, а воедно до Основен суд Куманово е доставена и ургенција со цел да се изврши проверка дали е извршена достава на пресудата и жалбата.По приемот на списите од Основен суд Куманово Апелациониот суд Скопје веднаш на 16.06.2023 година ги доставил до ВСРСМ на одлучување по изјавената жалба. Поради наведеното, предметот сеуште не е вратен од ВСРСМ во Апелациониот суд Скопје и не е познат исходот од жалбената постапка и наведе дека во овој момент не може точно да утврди каде е застојот

во постапувањето имало проблеми со достава , не бил присутен обвинетиот и сл.Предлог е Координаторот на Основен суд Куманово да ги утврди причините за застарувањето.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори дискусија, на која за збор се јави Весна Дамева,член на Советот која истакна дека во случајот факт е дека предметот е застарен,факт е дека Судскиот совет ја следи работата на судовите, бидејќи Судскиот совет зборува генерално добива извештаи од судовите за застарени предмети , предлогот на известителот - Координаторот за Основен суд Куманово да ги утврди причините за застарувањето е во ред и да го детектира целокупниот тек на постапката и смета дека треба да се изврши увид во предметот и да се констатираат причините зошто застарел и не може предеметот само да се архивира дека застарел.

За збор се јави м-р Тања Чачарова Илиевска,член на Советот која истакна дека во случајот не се согласува со предлогот на известителот од следните причини : за странките во ваква состојба нема оправдување зошто застарела една постапка , не може да биде претставката неоснована. Во случајов ќе се извести подносителот дека му застарел предметот и претрпел штета оштетениот , а ќе се впуштаме во испитување на причините за таквата состојба и не се согласува со тоа, затоа што причините може да се субјективни , може да бидат и објективни , меѓутоа за подносителот на претставката нема оправдување зошто предметот застарел и затоа предлага претставката да се прифати како основана и да се испитаат причините од страна на Координаторот, на што членот на Советот Павлина Црвенковска истакна дека нема дилема дека треба да се утврдат причините за застарувањето.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев констатира дека во моментот во салата пристигна членот на Советот Лорета Горгиева .

За збор се јави Весна Дамева,член на Советот која истакна дека треба да се испита дополнително , до крај овој случај и кога Координаторот ќе го утврди тоа, повторно да се изложи на седница на Советот. Не се согласува дека претставката е неоснована, а одлуката на Советот да биде- дополнително да се испита наведеното во претставката.

За збор се јави м-р Антоанета Димовска , која наведе дека е Координатор за Основен суд Куманово и е се побара изјава од судијата од Основен суд Куманово, за среќа подносителот нема да го изгуби правото за надомест на штета , иако полесно имотното побарување ќе го остварел ако има кривична пресуда , но за да се има целосна слика за состојбата ни недостасува изјава од првостепениот судија и предлага да се доработи оваа претставка.

За збор се јави м-р Ивица Николовски, член на Советот кој истакна дека факт е дека предметот е застарен и не може да се каже дека претставката на подносителот е неоснована, таа е основана а Координаторот да ја преиспита состојбата поради која дошла до застареност и претставката да се архивира, нема потреба претставката да стои отворена. Значи со самото тоа што предметот е застарен, тоа е доволна основа Советот да се впушти во испитување на причините за тоа и давање став, мислење за тоа, дали до застареност дошло поради објективни или субјективни причини и дека треба да се формира комисија од трите координатори на ОС Куманово, АС Скопје и Врховен суд на РСМ кои по утврдување на состојбата ќе направат извештај.

За збор се јави Мирсад Суроји , член на Советот кој истакна дека треба да се формира комисија од Координатори на трите суда и тоа Основен суд Куманово, Апелационен суд Скопје и Врховен суд на РСМ.

Предлогот на известителот е дека претставката е основана, поради што Координаторите за следење на работата на Основен суд Куманово, Апелациониот суд Скопје и Врховен суд на РСМ, во рамки на следење на состојбата во судот ќе го имаат во предвид и конкретниот предмет, со цел да се утврдат причините поради кои постапката по предметот се оддолговлекувала.

Членот на Советот Павлина Црвенковска наведе дека во претставката УПП.бр. 08-245/23 подносителот искажува незадоволство од постапувањето на Основен суд Струга по предметот МАЛВП-27/2023 , имено по укинување на пресудата од страна на Апелациониот суд Битола, при повторното постапување, Основниот суд Струга два пати се одлага, односно се презакажува судењето , без за тоа да има вистински причини, па бара од Советот да преземе соодветни мерки.По добиеното известување судијата наведува дека по укинувањето на пресудат, при повторното постапување, закажала рочиште за главна расправа за ден 09.05.2023 годиназа што биле испратени покани, со писмен поднесок од 28.04.2023 година доставен до судот тужениот лично побарал судот да го одложи постапувањето по предметот, затоа што имал неодложно патување во странство во периодот од 05.05.2023 година до 12.05.2023 година а го известил судот и дека му го отповикал полномошното на неговиот адвокат, па побарал сета понатамошна кореспонденција да е врши лично до него. Поради тоа било одложено рочиштето за ден 05.07.2023 година за што биле испратени покани по електронски пат. Со писмен поднесок од 27.06.2023 година доставен до судот од тужениот лично било побарано да се одложи постапувањето по предметот затоа што имал доставено претставка по овој предмет до Судскиот совет на РСМ а навел дека ќе доставел претставка и до Амбасади на САД,Холандија и СР Германија.Потоа судијата наведува дека се јавила до полномошнкот на тужителот и го известил за барањето за одлагање а полномошникот не се противел на ова одлагање на рочиштето. Бидејќи во Основниот суд Струга има само двајца судии кои постапуваат по граѓански предмети а редовно има повеќе од 400 предмети во работа, рочиштето го одложила за првиот слободен термин - 10.10.2023 година, иако имала закажани предмети и за декември месец. Поради тоа наведува дека не ја оддолговлекува постапката туку напротив го закажувала секогаш најрано што можело и воедно дека постапува согласно законските прописи. Предлог на известителот е претставката да се одбие како неоснована.

Заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели, член на Советот отвори дискусија.

За збор се јави м-р Антоанета Димовска, која наведе дека во случајот очигледно е дека самата странка барала одлагање .

За збор се јави м-р Ивица Николовски, член на Советот кој истакна дека се согласува целосно со предлогот на известителот дека претставката е неоснована.

Членот на Советот Павлина Црвенковска наведе дека во претставката УПП.бр. 08-293/23 подносителот искажува незадоволство од постапување на судии на Управен суд Скопје во врска со пресуда У-5 бр. 1914/2022, У-5 бр. 1915/2022 од 25.01.2023 и против судии на Виш Управен суд во врска со донесена пресуда Уж.-3 бр. 314/2023 од 27.04.2023 година. Наведува дека иако ажурноста не е особина на Управниот суд, сепак Управниот суд во предметниот случај експресно во рок од 4 месеци од поднесување на тужбата и донесување на конечна одлука индицира на оправдан сомнеж во објективноста на донесената пресуда.Ова посебно ако се земат во предвид очигледните пропусти сторени и од двата суда. Наведува дека барала упорно да изврши увид во списите на предметот, но тоа не и било дозволено од страна на претседтелот на судот. По извршените извиди произлегува дека судиите што постапувале по предметот наведен во претставката наведуваат дека со оглед да предметот е доставен до ОЈО Кавадарци, на увид по нивно барање,по поднесена кривична пријава од тужителката против полномошник – адвокат , ќе се произнесат врз основа на податоците од АКМИС системот.По наводот дека одлучено е на едно рочиште, на ден 18.01.2023 година, наведуваат дека согласно член37 ст.5 од Законот за управни спорови, судот по правило одлучува на едно рочиште. Со оглед дека во

конкретниот случај биле исполнети условите за одржување на расправата на која биле расправени сите прашаања, судот ја донел одлуката со одржување на едно рочиште. По наводот во претставката за тоа дека одлуката на Управниот суд е донесена во краток временски период, со тужбата е поднесено и барање за донесување времена мерка , по кое судот постапува во кратки рокови утврдени со закон а со оглед дека се работи за дог на даночен должник за преиодот од 2013 година како не би дошло до застарување на долгот, судот го земал и тоа во предвид и донел пресуда на која тужителката, подносител на претставката изјавила жалба и истата била потврдена со Пресуда на Виш упвравен суд УЖ.-3 бр. 314/2023 од 27.04.2023 година. Наводот дека не и е дозволен увид во предметот е неточен со оглед да на тужителката и бил одобрен увид врз основа на писмено барање истата поднела и барње за фотокопија на дел од списите а по извршено плаќање на надоместокот за услугата, истите се подигнати лично од тужителката. На 06.06.2023 година било поднесено барање за повторување на постапката, на ден 18.07.2023 година барање за копирање, поднесок за платен надомест од 22.08.2023 година. Известителот предложи претставката да се одбие како неоснована.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори дискусија, но никој од членовите на Советот не се јави за збор и констатира дека членот на Советот м-р Миљазим Мустафа се јавил дека ќе ја напушти седницата поради обврски и за претставките УПП.бр. 08-214/23 и УПП.бр.196/23 нема да гласа Мери Радевска, член на Советот поради изземање а членот на Советот Лорета Горгиева нема да гласа за претставките за кои не беше присутна, односно ќе гласа само за претставките УПП.бр. 08-245/23 и УПП.бр. 293/23.

Претседателот на Советот констатира дека членот на Советот Мињазим Мустафа ја напушти седницата.

Претседателот на Советот, го стави на гласање предлогот на известителот и по гласањето констатира дека со 8 гласа „За“, донесена е

**О Д Л У К А**

Претставката УПП.бр. 172//23 е неоснована, УПП.бр. 191//23 е неоснована-службена белешка, УПП.бр. 197//23 е неоснована, УПП.бр. 206//23 е неоснована, УПП.бр. 245//23 е неоснована, УПП.бр. 293//23 е неоснована.

Претседателот на Советот, го стави на гласање предлогот на известителот за претставката УПП.бр. 214//23 е основана и УПП.бр.196//23 е неоснована и по гласањето констатира дека со 9 гласа „За“, донесена е

**О Д Л У К А**

Претставката УПП.бр. 214//23 е основана , претставката УПП.бр. 196//23 е неоснована.

Претседателот на Советот му даде збор на следниот известител по претставките.

Членот на Советот м-р Тања Чачарова Илиевска ја изложи претставката заведена под УПП.бр. 08-291/23 примена во Советот на 12.09.2023 година и наведе дека подносителот реагира и бара од Советот да му биде даден одговор од претставка која била доставена во Советот на ден 13.10.2021 година.Оваа претставка односно копија од истата става во прилог на поднесената нова претставка и по извршениот увид и извршените извиди во предметот се констатира дека по дописот доставен на 13.10.2021 година Судскиот совет оформил предмет – заведен под УППбр. 549/21 .Наводите по оваа претставка се исти со наводите и во новата претставка што е предмет на денешната расправа УПП.бр.08-291/23.Во продолжение на претставката се изразува незадоволство од постапување на Основен граѓански суд Скопје по предмет П4-272/19 бидејќи станува збор за исти наводи , предлага претставката УПП.бр. 08-291/23 да се затвори со службена белешка , а по однос на претставката за која подносителот вели дека нема примено одговор од Советот и дека доаѓал во Советот неколку пати и дека

примил некаков поднесок, што значи дека ја има примено , предложи сепак уште еднаш по претставката УППбр. 549/21 да му се изврши достава со препорачана пратка за да се има доказ дека ја има примено.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори дискусија, но никој од членовите на Советот не се јави за збор па Претседателот на Советот, го стави на гласање предлогот на известителот и по гласањето констатира дека со 8 гласа „За“, донесена

**О Д Л У К А**

Претставката УПП.бр. 291/23//23 да се затвори со Службена белешка.

По завршувањето на реферирањето на претставките од страна на членот на Советот Тања Чачарова-Илиевска, Претседателот на Советот даде пауза од 15 минути. Истакна дека седницата ќе продолжи во 13,15 часот.

По завршување на паузата седницата продолжи со расправата по 2 точка од Дневниот ред - Расправа по претставките и поплаките од граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите, поднесени до Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Претседателот на Советот му даде збор на следниот известител по претставките.

Членот на Советот Ханиф Зендели истакна дека по претставката УПП.бр. 08- 113/23 подносителот ја поднел против Основниот граѓански суд Скопје и предметот ВПП -382/22, а се работи за правно лице најнапред се побара да ја уреди претставката, бидејќи немало полномошно. Од причини што претставката не е уредена и не е доставено полномошно, предлогот е истата да се затвори со Службена белешка.

Претставката УПП.бр. 08-144/23 се однесува за незадоволство од работата на Апелациониот суд Скопје по предметот ПРКЖ.бр. 9/22 и дека по истиот не постапувал судијата, ја оддолговлекувал постапката , но факт е дека по однос на истата веќе преземени се дејствија , разгледани се податоците од системот во Советот и оттука произлегува дека наведениот предмет најнапред бил распореден кај друг судија, иако тој судија веќе е во пензија, а потоа наведениот предмет е распределен е кај друг судија,што значи дека судијата дала изјава по однос на наведеното во претставката одлуката во Апелациониот суд Скопје е донесена на 25.04.2023 година .Наведе дека постапено е по предметот и смета и неговиот предлог е претставката да се одбие како неоснована.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори дискусија по претставката, при што за збор се јави м-р Тања Чачарова Илиевска , член на Советот која истакна дека подносителот се жали на долото траење на постапката во фаза по жалба и дека 14 месеци до поднесувањето на претставката нема добиено одговор по жалба, до сега имале вакви случаеви , точно е дека предметот бил од еден на друг судија распореден и дека било постапувано ажурно , меѓутаоа во вакви ситуации не може на странката, на подносителот да му се одговори дека претставката е неоснована, дали се субјективни причините или по вина на судијата што постапувал по предметот е друго прашањеи во случајот има долго траење на прекршочната постапка по жалба и тоа е основана претставка и впрочен и до сега така одлучувале, така да не би се сложила со предлогот на известителот.

Членот на Советот Ханиф Зендели истакна дека потполно се согласува со наведеното. Предметот во судот бил примен на 05.01.2022 година , доделен на судија , а на крај на декември е доделен на друг судија и во потполност се согласува дека може да биде претставката основана , но судијата кажува дека причините се голем број на предмети .

Членот на Советот Ханиф Зендели истакна дека неговиот предлогог е претставката да биде основана и истата да се проследи до Координаторот за Апелационен суд Скопје.

Членот на Советот Ханиф Зендели истакна дека претставката УПП.бр. 08- 151/23 ја повлекува.

Членот на Советот Ханиф Зендели истакна дека по претставката УПП.бр. 08- 178/23 поднесена е за работата на Основен суд Тетово, поточно дека во Основниот суд Тетово е направен пропуст по предметот ПСО 27/22 , поради тоа што во поканата стоело дека треба да се повика на 24.04.2023 година, но кога отишла на истиот ден на судење, од страна на судијата и било кажано дека не е насрочен предметот на 24.04.2023 туку на 25.04.2023 година, што значи дека судијата и укажал на тоа , но таа се поплакува на тоа во претставката, затоа што судот направил превид, па судот го презакажал предметот за друг датум,што значи дека за конкретниот предмет судот веќе одлучил и донел одлука на 06 месец 2023 година, па смета дека пстапката тече има приговор па поради тоа смета дека наводите во претставката се неосновани.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори дискусија по претставката, при што за збор се јави членот на Советот м-р Антоанета Димовска која наведе дека судијата го насрочува предметот, но не ја пишува поканата и судијата не ја гледа се до тој момент додека не биде на судење, а службеникот исто така може да згреши, се работи со бројки.

Членот на Советот Мери Радевска наведе дека смета дека претставката е неоснована, а има административна грешка.

М-р Тања Чачарова Илиевска, член на Советот истакна дека бара само појаснување од известителот за претставката и запраша што се случува со текот на оваа постапка, бидејќи нема скенирани материјали, по што известителот и појасни и кажа дека е донесена одлука во шести месец 2023 година. Други членови на Советот не се јавија за збор.

Членот на Советот Ханиф Зендели истакна дека претставката УПП.бр. 08-212/23 е поднесена од 69 текстилни работници, од Кавадарци до претседателот на државата, кој ја проследил до советот, по предметот П4 23/21 на Основен суд Кавадарци , кој е во постапка по жалба, постапката тече, го известиле и ОЈО Кавадараци , сепак наводите во претставката се жалбени наводи и предметот е во жалбена постапка , па смета дека претставката е неоснована.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори дискусија по претставката, при што за збор се јави Весна Дамева , член на Советот , која истакна дека по однос на тоа дека се жалбени наводи , меѓутоа тука има и наводи дека покрај тоа што е во тек постапката, претседателот на судот изјавил јавно и застанал на страна на судијата , односно јавно го изразил својот став, имено наведено е дека на 03.03.со јавното изразување на својот став пред медиумите претседателот на судот кажал дека пресудата била исправна, тужбата била грешна и дека оштетените биле изманипулирани , што не знае дали е точно, но се обрати кон известителот дали е испитан овој навод и дали по однос на тие наводи се има произнесено претседателот на судот.Известителот наведе дека не се впуштил во испитување на тој факт, имајќи во предвид дека наводите во претставката сепак се жалбени наводи, а е известен и ОЈО Кавадарци и според неговото мислење , не се битни тие работи, ако смета Советот дека треба, така ќе се постапи.

Весна Дамева, член на Советот истакна дека очигледно не се разбираат,неспорно е дека во тој дел е неоснована претставката, меѓутоа дали ќе се пропушти фактот да се испита дали е вистина дека претседателот на судот дал изјава во тек на постапка за предмет кој го води друг судија , изразувајќи го јавно неговиот став, бидејќи ова на некој може да се смета како “заземање страна “ и повтори дека апсолутно е дека се жалбени наводи , но овој дел кај неа останува како потреба да се побара една изјава од претседателот на судот, претставката може да се затвори, но Координаторот треба да го испита овој навод.

Членот на Советот м-р Антоанета Димовска наведе дека Координаторот може да го испита овој навод истакнат во претставката и да се расчисти оваа состојба.

Членот на Советот Ханиф Зендели истакна дека се согласува со кажаното од членовите што земаа збор , да се испита овој факт.

М-р Ивица Николовски, член на Советот зема збор во дискусијата и наведе дека ако се анализира преатставката, во неа се укажува на многу работи, од непрофесионално однесување на поединци, незаконито постапување на судии и смета дека треба произнесување од известителот за каков предмет се работи и токму таа донесена пресуда по овие наводи во претставката треба да се разгледа од Советот и затоа истакна дека Судскиот совет треба да види што направил првостепениот суд,без тоа не може да се види суштината на незадоволството и по претставките ќе има мал ефект ако не се гледаат одлуките, а Апелациониот суд да си ја врши својата работа по жалба.Во случајот претседателот на судот не смее да се впушта во коментирање на одлуки на друг судија како и да се провери овој навод, чисто да му се укаже на претседателот дека во иднина треба да внимава како се однесува, затоа што такво однесување и тој е причина за недоверба , сомнеж , пристрасност на граѓаните во судството.

Членот на Советот м-р Антоанета Димовска наведе дека претставката се однесува според неа пред се за однесувањето на претседателот на судот во конкретен предмет, кој го судел друг судија и смета дека оваа претставка треба да се доработи и да се земе изјава од претседателот на судот.

Преседателот на Советот Сашко Георгиев констатира дека во салата повторно е присутен членот на Советот Миљазим Мустафа и се вклучува во расправата.

Членот на Советот Павлина Црвенковска се обрати до Претседателот на Советот и укажа дека кај неа електронски не се појавува оваа претставка и не може да следи за што се дискутира, односно не може сама да го прочита тоа .

Членот на Советот Ханиф Зендели истакна дека во еден дел во претставката се изразува незадоволство од постапката, а во другиот дел се наводи за претседателот на судот , па се согласува со кажаното од членовите што земаа збор , да се испита овој факт, поради што истакна дека ја повлекува претставката.

Членот на Советот Ханиф Зендели истакна дека претставката УПП.бр. 08-222/23 е поднесена за Основен суд Кочани по предметот РО.бр.151/22 односно за предметот на Апелациониот суд Штип РОЖ.бр. 63/23 и донесената одлука од 16.02.2023 година и наведува дека судиите нестручно и несовесно постапиле и не ги разгледале сите докази односно распоредите за работа на возачите и наведува подносителот дека судот со вака донесената одлука ја менува судската пракса воспоставена во сите судови, а истовремено им е нанесена голема штета. Наведе дека смета да наводите по однос на тоа што одлучиле судиите во Апелациониот суд , ги имале во предвид сите законски одредби при одлучувањето. Тоа што го наведува во претставката истакна дека се жалбени наводи и од тие причини смета дека оваа претставка е неоснована.

М-р Тања Чачарова Илиевска, член на Советот истакна дека бидејќи во материјалите нема , сака да го праша известителот дали има изјави од судиите во второстепениот суд, иако од излагањето сватила дека нема изјави а смета дека требало да бидат земени изјави од второстепените судии, а тоа што било жалбени наводи и донесена второстепена одлука, за неа не е доволно за да каже дека претставката е неоснована или основана и смета дека нема материјал за одлучување по оваа претставка и наведе како ќе ја ценат работата на еден судија ако не ги гледаат одлуките што ги донесува.На прашање на известителот за тоа што е нејзиниот предлог, наведе дека според неа треба да се прибават изјавите од судиите

Членот на Советот Ханиф Зендели истакна дека лично не се согласува да се бара изјави од судиите на второстепениот суд во конкретниот случај, но не се противи и доколку Советот одлучи така, ќе се согласи со тоа.

Членот на Советот Мери Радевска истакна дека треба да се разјасни и дека второстепените судии погрешно ги ценеле доказите.Не станува збор во претставката за повреда на материјалното право, а за погрешно ценење на доказите Советот не може да им каже на судиите кој доказ како да го цени и затоа мисли дека ако е само тоа претставката да не се оди понатаму да не наложуваат на судиите да даваат изјави за нешто за што навистина не може Советот да се впушта.

М-р Ивица Николовски, член на Советот истакна дека не би се согласил целосно со кажаното од претходниот дискутант и наведе со практичен пример зошто така смета- судијата што е dominus litis во постапката има право и обврска во судница посебно да ја извршува својата функција согласно одредбите на процесните закони и ќе посочи пример од процесното право и тоа токму поради доказите – дали еден наш судија , колега треба да ги знае процесните закони и тој смета дека треба да ги знае и треба да ги почитува и има една одредба чл. 235 кој укажува до кој момент странките во постапката имаат право и обврска да ги доставата доказите и сега има конкретен пример – иако законот тоа не го дозволува, судијата дозволува да се изведат докази кои не треба да дозволи да се изведат и друг еден пример –дали е дозволено во повторна постапка првостепениот суд да расправа и одлучува за нови докази , ако не е исполнет условот , зошто без своја вина, односно по вина на трето лице не бил во можност да ги достави, значи судијата е должен и во процесна и во материјална и во етичка смисла да дозволи или да не дозволи ако законот тоа му го дава тоа право, така да не гледа дека овде дека Судскиот совет не може да го преиспитува тоа, еве пример судијата не сака и не дозволува тие докази да се анализираат, тоа не е негово право , тоа е обврска што ја налага законот и судијата мора да се однесува согласно законот , мора да го знае законот , не може да донесе квалитетна одлука, така да Судскиот совет и тоа како може да утврди по кој член, по кој закон дозволил или не дозволил и во која фаза на постапката доказите да бидат анализирани .

Членот на Советот Мери Радевска процедурално истакна да се држат за конкретната претставка.

М-р Тања Чачарова Илиевска, член на Советот, истакна дека не се согласува со кажаното од претходниот дискутант – дека судиите не ги ценеле правилно доказите , во претставката пишува дека не биле разгледани сите докази кои се во предметот и кои биле изведени во доказната постапка, судијата цени од кои докази што факти ќе извлече, но кога има предложени докази и не ги прифати, судијата е должен да каже од кои причини тоа не го прави , во случајов нема изјави од судии, нема одлуки да се види дали се законити или не и ајде претставката е неоснована.

Членот на Советот м-р Антоанета Димовска наведе дека конкретната претставка , како што ја цени таа, судот освен вештачењето како докази биле предложени и распоредите за работа на возачите , значи членовите не знаат како судот ги ценел доказите и Советот во тоа не треба да навлегува, за тоа нема дилема кај неа, но треба да се надополни претставката , затоа што и самата претставка укажува на тоа дека доставувале докази кои го негираат вештачењето , а не биле прифатени и не се знае во која фаза од постапката биле предложени и доставени.

Членот на Советот Лорета Горгиева истакна дека како што ја чита претставката, смета дека биле изведени сите предложени докази , меѓутоа странката е незадоволна дека во елаборирањето на фактичкта состојба на одлуката и не гледа од претставката дека им биле одбиени доказите кои требало да бидат изведени во доказна постапка, а како ќе образложи смета дека е право на судијата и не чита дека е повреден процесен закон.

Весна Дамева, член на Советот истакна дека бидејќи има дилеми и по однос на самата содржина на претставката , што е проблем да се прибават изјавите на судиите ако постои волја

за тоа и наведе дека самата не може во овој момент да одлучи дали претставката е основана или неоснована.

Членот на Советот Ханиф Зендели истакна дека, се согласува со кажаното од членовите што земаа збор , да се испита овој факт, поради што истакна дека ја повлекува претставката УПП.бр.08-222/23.

Членот на Советот Ханиф Зендели истакна дека во претставката УПП.бр.08-235/23 подносителот по однос на веќе одговорена претставка од страна на Судски совет, истиот предлага да се покрене постапка по однос на потписникот на претставките и од тие причини, а имајќи ги во предвид наводите во претставката , смета дека согласно чл. 11 од Законот за постапување по претставки и предлози да се архивира.

М-р Тања Чачарова Илиевска, член на Советот само кратко наведе дека во ваков случај да им се доставува одговор на странките со препорачана пратка.

Членот на Советот Ханиф Зендели истакна дека во врска со претставката УПП.бр.08-243/23, се работи за исти странки но подносител е адвокатот и наведува дека се оддолговлекува постапката од страна на судиите на Апелациониот суд Битола ги извртувале фактите и содржината на доказите , а со дадените напатствија при укинувњето сугерирал на првостепениот суд како треба да го реши спорот. Воедно еден од странките бил директно од политичка партија и градоначалникот на Општина Струга можел да влијае врз судската одлука. Во случајот, постапката е во тек, ако одлуката е укината и смета дека во оваа фаза, како Судски совет на некој начин се остава простор да се одлучи, па од тие причини овие наводи на подносителот се жалбени наводи и претставката е неоснована.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори дискусија по претставката, но никој од членовите не се јави за збор, дополнително се јави за збор Весна Дамева член на Советот, која истакна дека по однос на наводите дека имало влијание и слично, може само во одговорот да се наведе дека овие наводи се паушални и нема докази за такво нешто, а ако има нека ги достави, да не остане неодговорено во тој дел.

Членот на Советот Ханиф Зендели истакна дека претставката УПП.бр .08- 250/23 е проследена од МВР Оддел за криминалистичка полиција од подносител од Скопје по однос на предмет на Основен суд Охрид, предметот е во жалбена постапка а сите наводи што ги наведува подносителот се жалбени наводи и од тие причини предлага претставката да се смета за неоснована.

Членот на Советот Ханиф Зендели истакна дека претставката УПП.бр .08-262/23 е поднесена против работата на Основниот кривичен суд Скопје по предмет К-1125/22. Постапката веќе е завршена и правосилна на 28.06.2023 година , а странката не добила покана , не била известена и странката веќе има поднесено барање за повторување на постапката ,а судијата веќе нема никакви допирни точки со предметот постапил согалсно законските одредби и од тие причини предложи да се сочека исходот на постапката во однос на барањето за повторување на постапката .

Претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори дискусија по претставката, но никој од членовите не се јави за збор.

Членот на Советот Ханиф Зендели истакна дека претставката УПП.бр .08- 273/23 е проследена од Државниот управен инспекторат истакна дека незадоволството е за работењето на Управен суд ,странката се повикува на тоа дека судот не преземал никакви дејствија по конкретниот предмет УЗ-76/2023 од 24.02.2023 година .По однос на конкретната претставка, преземени се дејствија, прибавена изјава од страна на судијата и судијата наведува дека точно е дека поминале 5 месеци , но бројот на предмети кои ги има во работа и предметите ги работи по

ред, и доколку предметот дојде на ред за работа, ќе го работи истиот и предложи претставката да се смета за неоснована.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори дискусија по претставката, но никој од членовите не се јави за збор.

Претседателот на Советот, го стави на гласање предлогот на известителот и по гласањето констатира дека со 10 гласа „За“, донесена е

**О Д Л У К А**

Претставката УПП.бр. 08- 212/23 е повлечена, претставката УПП.бр. 08-151/23 е повлечена, претставката УПП.бр.08-222/23 е повлечена, претставката УПП.бр.08-144/23 е основана, претставката УППбр. 08- 113/23 е неоснована, претставката УПП.бр. 178/23 е неоснована, претставката УПП.бр. 08- 235/23 е неоснована, , претставката УПП.бр.08-243 е неоснована, претставката УПП.бр.08- 250/23 е неоснована, претставката УПП.бр.08- 262/23 е неоснована и претставката УПП.бр.08- 273/23 е неоснована .

Претседателот на Советот му даде збор на следниот известител по претставките.

Членот на Советот Лорета Горгиева по претставката УПП.бр. 08-393/22 истакна дека е поднесена од лице од Кавадарци,а се однесува на незадоволство од постапување на судија на Основен суд Кавадарци по предмет ВПП1 бр.1/21, основ- физичка делба на недвижен имот.Наведува дека решението по предметот не го добила, иако другите странки го добиле, воедно дека на ден 20.04.2022 година од страна на судот и била доставена жалба од предлагачот, подносителката доставила до судот одговор на жалба , а предметот два месеца не бил пратен во Апелациониот суд Скопје на одлучување по жалба. На ден 28.04.2022 година нејзиниот полномошник до судот доставил одговор на жалба во седум примероци по пошта со препорачана пратка а ниту таа , ниту нејзиниот адвокат не добиле ниту еден примерок од одговорите на жалби , а воедно со списите на предметот во Апелациониот суд Скопје не биле доставени двата примерока од одговорот на жалба. Поради тоа на 28.06.2022 година со писмено известување до Апелациониот суд Скопје, ги известила судиите доколку двата примерока од одговорот на жалба не ги примиле и ги немаат на увид, истата ги доставила до судот.Нејзиното известување Апелациониот суд Скопје го земал во предвид и предметот бил вратен во Основен суд Кавадарци на ден 30.10.2022 година со цел двата примерока од одговор на жалба да се достават до сите странки со уредна достава, а потоа да се достават до Апелациониот суд Скопје со предметот. Како трет навод во претставката ,која е многу обемна и со многу докази, е дека овој допис во Советот треба да биде земен во предвид, затоа што седум месеци во Основен суд Кавадарци стојат во фиока заклучени овие наведени одговори на жалба и не се доставуваат во Апелациониот суд Скопје, како и да се побара образложение од судијата што постапува по предметот зошто ги држи списите на предметот заклучени во фиока и по истите не постапувала.По оваа претставка беше побарана изјава од судијата и даден одговор , но со заклучок на Советот од 07.02.2023 година е формирана работна група на членови на Судски совет заедно со Координаторот и токму оваа претставка, која мисли дека била доставена и до други членови на Советот била предмет на разгледување на работната група, со непосреден увид во Основниот суд Кавадарци. Од страна на работната група, конкретно на ден 14.02.2023 година извршена е работна посета, при што меѓу другото бил извршен и увид во предметот и во однос на наводите на оваа претставка. На крај истакна дека повеќе нема да елаборира и смета дека претставката е неоснована а од наводите во извештајот видно е дека не стојат наводите изложени од страна подносителот на претставката. Извештајот на работната група бил изложен на 447 седница на Советот од 04.07.2023 година, а по наведениот предмет била донесена одлука на 16.02.2023 година, значи веќе е одлучено, а на 31.03.2023 година одлуката била верифицирана, а

од месец април кога е платена таксата, предметот е испратен по жалба во Апелациониот суд Скопје кој сеуште нема донесено одлука, и предложи дека во конкретниот случај се работи за жалбени наводи и претставката е неоснована.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори дискусија по претставката, на која за збор се јави членот на Советот Весна Дамева, која истакна дека апелира до сите членови поажурно да се постапува по претставките,претставката е од 2022 година а и се одговара на странката во десети месец, а има наводи дека судијата седум месеци не постапувал и нема зошто да се чека работна посета на членовите на Советот и наведе ова дека е само укажување, да не биде сватено поинаку и се надева на разбирање од секој од членовите на Советот.

Членот на Советот Лорета Горгиева истакна дека намерата е јасна , но за неа би било неумесно и несериозно да постапи по претствката , дали е основана или неоснована, кога со целата обемност на предметот Судскиот совет одлучил да биде разгледана од страна на работната група која изврши непосреден увид на предметот .

Членот на Советот Лорета Горгиева по претставката УПП.бр. 08-219/23 истакна дека подносителот изразува незадоволство од постапување на судија- на Основен суд Тетово , во постапката по предметот МАЛВП-9 /23, поради непостапување во законски предвиден рок и смета дека во судот тужбата е поднесена на 16.01.2023 година и сеуште, до денот на доставување на претставката нема добиено покана за рочиште.Наведува дека не е јасно како судот цели 6 месеци не постапува по предметот кога негова законска обврска е да се закажат и одржат рочиштата најдоцна во рок од 45 дена, поради што не се почитува законот.Побарана е изјава од страна на судијата преку претседателот на судот и истата во својата изјава известува дека по приемот на тужбата судот постапил во законски рок и на 27.01.2023 година тужбата е доставена на одговор до тужениот. Од извршената достава , било нотирано дека тужениот не живее на наведената адреса.Судот презел дејствија и побарал во два наврати до СВР Тетово за точната адреса на тужениот, за кое нешто се уште не е одговорено од СВР Тетово, па од тие причини не била закажана расправа.Од причини што изјавата не е поткрепена со докази, наведе дека дополнително се обратила до претседателот на судот да судијата ја поткрепи својата изјава, во која зборува дека од објективни причини не била во можност да одржи рочиште, бидејќи не е точна адресата на странката и не била во можност да ја достави на одговор на странката.Од страна на судијата беа доставени докази - покани како и писма кои судијата ги испратила до СВР Тетово, а има и известие од МВР-Сектор за внатрешни работи Тетово од 21.06.2023 година до ОС Тетово дека лицето живее на наведена адреса и истиот е достапен на државните органи и наведе дека лицето не живее на таа адреса –од страна на судот адресирано е на старата адреса а не на онаа што ја доставил МВР – СВР Тетово. Предложи дека претставката е неоснована и дека судијата од објективни причини не била во можност да одржи рочиште, а предложи и да му се укаже, сигнализира со писмо на судијата, преку претседателот на судот за адресата на која е достапна странката.

Членот на Советот Лорета Горгиева по претставката УПП.бр. 08-228/23 истакна дека ова е иста претставка за која реферираше членот на Советот Ханиф Зендели односно претставката е поднесена од истото лице, кој има поднесувано до Советот повеќе претставки, во повеќе наврати. Последната претставка што ја има реферирано известителот е УПП.бр. 08-111/23 , меѓутоа освен овие има и други -У ПП.бр.08-412/22 од 21.11.2022 година, УПП.бр. 340/22 од 27.09.2022 година, УПП.бр.08-26/23 од 23.01.2023 година и сите се со идентична содржина и за сите е констатирано дека се неосновани. Со оглед да видно од увид во претставката УПП.бр. 08-111/23 станува збор за истиот подносител, за иста правна работа и наводи, која е реферирана од страна на сега известителот на седница на Советот од 29.06.2023 година, а претставката заведена под УПП бр. 08-228/23 која членот на Советот ја примила по реферирањето на седницата од 29.06.2023 година, со допис- известување заведено под УПП.бр. 228/3 од 20.07.2023 година , претседателот на Советот Сашко Георгиев и доставил допис во кој е наведено дека во врска со доставената претставка УПП.бр. 08-228/23 од 19.06.2023 година и од 20.06.2023 година, по извршена проверка во содржината, се утврди дека станува збор за претставка од ист подносител, за ист предмет а истата била примена на 03.07.2023 година , а истото се потврдува и од увид во доставната книга во архивата на Советот и потребно е повторно да биде изложена на наредна седница. Предложи од тие

причини претставката да се архивира со Службена белешка, а на подносителот да му се достави известување. Истакна дека доколку Координаторот смета, може понатаму да го испитува предметот за кој се однесуваат поднесените претставки.

Членот на Советот м-р Ивица Николовски истакна дека за претставка која од Советот не е прифатена како основана, не е целисходно да постапува Координаторот за соодветниот суд што да следи Координаторот ако претставката е неоснована, за разлика од тоа кога претставката е основана.

Членот на Советот Лорета Горгиева по претставката УПП.бр. 08-244/23 Поднесена е од лице од Скопје, претседател на куќен совет.Во претставката изразува незадоволство од постапувањето на Основниот граѓански суд Скопје по предметот 38МАЛВП-1538/18. Наведува дека судот неосновано прифатил вештачење од вешто лице за кое смета дека не бил запишан како вештак, а не бил запишан ниту како проценител и регистриран во Комората на проценители и од таа причина се доведува во прашање целокупното постапување и одлучување на судот. Има поднесено предлог за повторување напостапката, по истиот од АС Скопје било донесено решение за одбивање на предлогот за повторување на постапката. Побарана е изјава од судиите на Апелациониот суд Скопје во која е наведено дека по изјавена жалба на тужителот Апелациониот суд Скопје, со пресуда ГЖ.бр. 2033 /19 од 20.09.2019 година пресудата на првостепениот суд е преиначена и тужбеното барање е усвоено. По поднесена ревизија на тужените со решение на ВСРСМ РЕВ.2 130/2020 од 31.03.2021 година ревизијата е отфрлена, а по изјавена жалба на тужените, со решение на ВСРСМ РЕВ2 бр. 130/2020 од 23.12.2021 година жалбата е отфрлена како недозволена. Тужените на 05.05.2022 година поднеле предлог за повторување на постапката по кој е одржано рочиште на 01.07.2022 година и предметот бил доставен на одлучувње на второстепениот суд.Со решение на Апелациониот суд Скопје Гж.бр. 2033/19 од 24.03.2023 година, предлогот за повторување на постапката правосилно завршена со пресуда на Апелациониот суд Скопје Гж.бр. 2033/19 од 20.09.2019 година, бил одбиен како неоснован, притоа второстепениот суд во својата одлука наведува дека во конкретниот случај видно од списите по предметот е дека вештото лице бил определен како вештак од страна на првостепениот суд со решение донесено на 08.10.2013 година, по што вештото лице изготвило вештачење кое било прифатено и изведено како доказ во предметната постапка. Во Законот за измени и дополнување на Законот за вештачење и тоа во член 15 е предвидено дека – членот 22 се менува и гласи:1 издадените, одземените и продолжените лиценци на вештаците, како и лиценците на вештаците кои продолжиле да важат, се евидентираат во Регистарот кој го води Министерството за правда, а во чл. 23 од истиот Закон е предвидено дека “Министерството за правда во рок од 90 дена од денот на влегување во сила на овој Закон го воспоставува Регистарот на вештаци и во чл. 26 од истиот Закон е предвидено дека “овој закон стапува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен весник на РМ“.Имајќи ги во предвид наведените законски одредби произлегува дека во времето кога било извршено вештачењето од страна на вештото лице - дипл.град.инж. се уште немало воспоставен Регистар на вештаци во Министерство за правда, поради што неосновано се наведува во предлогот за повторување на постапката дека вештачењето кое било изведено како доказ во предметната постапка и дека било изготвено од лице кое не било регистрирано во Регистарот на судски вештаци при Министерството за правда.Предлага дека претставката е неоснована.

Членот на Советот Лорета Горгиева по претставката УПП.бр.08-282/23 наведе дека истата препратена е преку Јавно обвинителство на РСМ од подносител од Охрид. Во претставката се изразува незадоволство од постапување на судии на сите инстанци по предмет П1 бр. 8711/2013. Наведува дека судијата ја искористил својата службена положба и овластување и ги пречекорил границите на своето службено овластување со што му нанел штета на полномошникот на тужителот во постапката и потешко ги повредил неговите права. Воедно во претставката изразува незадоволство и од постапување на судија кој го донел решението П1 бр. 62/23 од 04.07.2023 година со кое барањето за повторување на постапката е отфрлено. Врз основа на спроведените извиди извршени од страна на Советот,произлегува дека по однос на предметот наведен во претставката П1 бр. 8711/13 , истиот е надвор од сите рокови за постапување на Советот во смисла на член 61 став 1 од Законот за Судскиот совет на РСМ , а

по однос на незадоволството од постапување на судија на Врховен суд на РСМ, на истиот му е констатиран престанок на судиската функција заклучно со 30.04.2021 година, со Решение на Судскиот совет на РСМ бр. 02-485/2 од 28.04.2021 година, но како од извршената проверка во контролата за работа на судовите, се утврди дека со понов датум сепак има постапка по барање за повторување на постапката, беше побарано известување од претседателот на Основен суд Охрид. Од добиениот одговор произлегува дека судот донел решение П1 – 62/23 од 04.07.2023 година, со кое предлогот на предлагачот- подносител на претставката се отфрла како недозволен.Решението било примено по електронски пат од страна на полномошникот на предлагачот на ден 18.07.2023 година и против истото не била поднесена жалба. Во прилог судијата доставил примерок од решението П1-62/23 од 04.07.2023 година,од кое видно е дека истечен е рокот од 5 години од денот кога решението станало правосилно во кое време можело да се бара повторување на постапката, па сите горенаведени предлози кои се поврзани со предлогот за повторување на постапката биле недозволени, не само за тоа што не постои законски основ за истите, туку и поради тоа што за нив не може да се одлучува во таа постапка.Предложи дека претставката е неоснована.

Членот на Советот Весна Дамева, истакна дека потребно е да се внимава за известувањето према ОЈО и не требало да биде заведено како претставка, но како и да е да е внимава при известувањето до ОЈО.

Членот на Советот Лорета Горгиева истакна дека апсолутно не се согласува со претходниот дискутант, Советот постапува по поплаки и претставки и до Советот е доставен дописот, како и дека многу правилно е заведена како претставка , проследена е до Советот.

Членот на Советот Весна Дамева, истакна дека апсолутно не се согласува , имајќи ја во предвид содржината на истата и досега не видела кривична пријава да биде заведена како претставка, битно е дека е побарано известување од судот.

Членот на Советот Мери Радевска зема збор и истакна процедурално да се задржат на претставките.

Членот на Советот м-р Ивица Николовски зема збор и замоли за кратко внимание , за него ова е еден од обвинителите кој си ја работи работата совесно и одговорно согласно чл. 98 од Уставот и во право е известителот Лорета Горгиева , член на Советот .

Претседателот на Советот, го стави на гласање предлогот на известителот и по гласањето констатира дека со 10 гласа „За“, донесена е

**О Д Л У К А**

Претставката УПП.бр. 08- 228/23 да се архивирана со Службена белешка, претставката УПП.бр. 08-393/23 е неоснована,претставката УПП.бр. 08-219/23 е неоснована, претставката УПП.бр. 08-244/23 е неоснована, претставката УПП.бр. 08-282/23 е неоснована.

Претставките од членот на Советот м-р Селим Адеми се повлекуваат поради тоа што истиот не е присутен на седницата од оправдани причини. Се сметаат за повлечени претставките УПП.бр. 08- 218/23, УПП.бр. 08- 223/23, УПП.бр. 08- 238/23 и УПП.бр. 08- 280/23.

**Точка 3**
**Разно**

Претседателот на Советот Сашко Георгиев ги извести членовите на Советот за номинација за учество на Регионална работилница од 2022 година на мисии за рецензија врз основа на случаи за борба против организираниот криминал и корупција во западен Балкан во Тирана од 04 до 06 10.2023 година каде што се номинирани претседателот на Советот и членот на Советот Мери Радевска. Воедно

Претседателот упати прашање до членовите дали има зинтересирани за учество на Конференција за национална конвенција на Европската унија на 04.10.2023 година, на што членот на Советот Весна Дамева истакна дека има лична покана. Се пријави м-р Антоанета Димовска, член на Советот за наведеното учество со тоа што до 03.10.2023 година да се извести за учеството".

Претседателот на Советот Сашко Георгиев истакна дека по однос на Зоран Теофиловски Советот треба да се произнесе по исправката, но со оглед дека не се комплетни на седницата сите членови, ги запраша членовите дали да се дискутира на оваа или може да се дискутира на наредна седница , имено тој како претседател на Советот не може да одлучува во име на Советот, на што членовите на Советот се согласија да се дискутира на наредна седница на Советот.

Членот на Советот Ханиф Зендели истакна дека се бара делегирање на еден судија од Основен суд Гостивар во Основен суд Кичево, веќе еден судија од Основен суд Гостивар Советот има делегирано во Основен суд Кичево и тоа граѓански судија Павле Рафајловски и на него му завршува периодот на делегирање на 0 3.11.2023 година и за еден месец треба да се врати во Основен суд Гостивар, а имајќи ја во предвид состојбата во Основен суд Кичево како претходен Координатор на овој суд, смета дека состојбата е алармантна и потребно е уште еден граѓански судија да постапува во судот, а воедно напомена дека фактот дека еден судија од Основен суд Гостивар веќе е делегиран во Основен суд Тетово судија Теодора Јакимовска , која за еден месец и половина ќе треба да се врати во Основниот суд Гостивар.Во Основниот суд Гостивар има 8 судии кои постапуваат во граѓанскиот оддел и од тие причини истакна и предложи дека судијата Илјаз Исмаили од Основен суд Гостивар, да се делегира во Основен суд Кичево , кој работи во граѓанскиот оддел и тоа од 01.10.2023 година да биде делегиран во Основниот суд Кичево.

Членот на Советот Весна Дамева истакна дека ова сега беше доставено и сега го слуша првпат, образложението е во ред, меѓутоа зошто од 01.10.2023 , тогаш нека биде од 01.11. 2023 за судијата да се врати во Основниот суд Гостивар, тој што ќе биде делегиран ќе оди во Основниот суд Кичево за да има време предметите да си ги довршат и едниот и другиот судија, односно да се даде еден период од петнаесетина дена да се довршат предметите и истакна дека тоа и е најрационално во моментот.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев истакна дека тогаш судијата да биде делегиран од 15.10.2023 година.

Претседателот на Советот, го стави на гласање предлогот на известителот Илјаз Исмаили, судија на Основен суд Гостивар , времено се упатува за вршење на судиската функција во Основниот суд Кичево сметано од 15.10.2023 година, односно од 16 .10.2023 година – понеделник, со оглед да 15.10.2023 е недела, за период од една година од денот на упатувањето и по гласањето констатира дека со 10 гласа „За", донесена е

**О Д Л У К А**

ИЛЈАЗ ИСМАИЛИ, судија на Основен суд Гостивар, времено се упатува за вршење на судиската функција во Основниот суд Кичево, сметано од 16.10.2023 година, за период од 1 (една) година од денот на упатувањето.

За упатувањето да се извести претседателот на Основен суд Гостивар и претседателот на Основниот суд Кичево.

Членот на Советот Антоанета Димовска истакна дека има сознанија дека дел од судиите кои се делегирани и требало да почнат со работа во судот каде што се делегирани, сеуште не се отидени во судот и не започнале со работа во тој суд, а нема причина да не отидат.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев истакна дека тоа го слушнал од скоро и треба да си реагираат претседателите на тие судови каде што се делегирани судиите, а сеуште не се јавиле во соодветниот суд, треба претседателите да известат дали судијата дошол или не дошол, прима плата како може да не дојде на работа во судот, ако се правосилни одлуките.

Членот на Советот Лорета Горгиева истакна дека судија избран во основен суд Струмица , а делегиран во Основен суд Делчево ја контактирал во врска со патните трошоци и ја известил дека од Струмица нема регионално поврзување со Делчево,со автобус ниту од Стумица ниту од Штип, има до Берово а до Делчево нема, а Претседателот на Советот Сашко Георгиев наведе дека истиот судија му се јавил денес пред седницата и истото му го кажал и во секој случај ќе мора да се реши ова прашање.

Членот на Советот Весна Дамева истакна дека судијата треба да се обрати писмено до Советот и Советот е тој што по дискусија за тоа прашање ќе најде решение односно ќе донесе одлука, а не членовите сами да му кажуваат на судијата што да прави.

Откако повеќе никој од членовите на Советот не се јави за збор претседателот на Советот Сашко Георгиев констатираше дека е исцрпен дневниот ред за 456-та седница на Советот и дека истата е завршена во 15:40 часот.

**Напомена:** Тонскиот запис е составен дел на овој записник.

**СУДСКИ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател,**
**Сашко Георгиев**

Изработил:Весна Михајловска , државен советник.
Одобрил: Весна Толева, В Д Генерален секретар